**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ"СКОПЈЕ**
**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**
**ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР**
**СТУДИИ ОД ОБЛАСТА НА БЕЗБЕДНОСТА**

**МАГИСТЕРСКИ ТРУД**

**Тема:**

# УЛОГАТА НА ОДБРАНБЕНАТА ДИПЛОМАТИЈА ВО ОСТВАРУВАЊЕТО НА НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Кандидат:

**Мирјана Маневска**

Ментор:

**Проф. д-р Оливер Бакрески**

**Скопје, 2015**

## СОДРЖИНА

**ВОВЕД** ---------------------------------------------------------------------------------------5

**I ГЛАВА**

**ОПШТО ЗА ДИПЛОМАТИЈАТА** -----------------------------------------------8

1. Поим и суштина -------------------------------------------------------------8
2. Цели и задачи на дипломатијата -----------------------------------------10
3. Методи на дипломатијата ------------------------------------------------11
4. Видови на дипломатијата ------------------------------------------------12
   - А) Тајна и јавна дипломатија ------------------------------------------13
   - Б) Формална и неформална дипломатија -----------------------------14
   - В) Економска дипломатија ----------------------------------------------14
   - Г) Превентивна дипломатија -------------------------------------------15
   - Д) Одбранбена дипломатија --------------------------------------------16
   - Ѓ) Воена дипломатија ---------------------------------------------------17
   - Е) Шатл дипломатија ----------------------------------------------------18
   - Ж) Алиби дипломатија ---------------------------------------------------19

**II ГЛАВА**

**ОДБРАНБЕНА ДИПЛОМАТИЈА** ----------------------------------------------20

1. Поим и развој на одбранбената дипломатија --------------------------------20
2. Основни претпоставки за дејствување и улогата на одбранбената дипломатија во Република Македонија --------------------------------------22
3. Терминолошки и функционални различности помеѓу воената и одбранбената дипломатија ------------------------------------------------25
4. Потреба од одбранбената дипломатија ------------------------------------31
5. Цели и приоритети на одбранбената дипломатија -------------------------32

**III ГЛАВА**

**ИНФОРМАЦИИТЕ И ОДБРАНБЕНАТА ДИПЛОМАТИЈА ----------------34**

1. Значењето на информациите за одбранбената дипломатија -------------34
2. Процесите на прибирање на информации ----------------------------------36
3. Процес низ кој поминуваат собраните информации до предизвикување на одбранбена дипломатска активност -------------------------------------45
4. Значењето на собраните информации во процесот на донесување на одлуките ------------------------------------------------------------------------49

**IV ГЛАВА**

**ВАЖНОСТА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА СООДВЕТНИ И ПРАВОВРЕМЕНИ ОДЛУКИ ЗА ВОДЕЊЕ НА ОДБРАНБЕНА ДИПЛОМАТИЈА---------------51**

1. Важноста на донесување на правовремени одлуки -------------------------51
2. Процесот на соработка и координација во системот на националната безбедност на Република Македонија ----------------------------------------52
3. Активности на дипломатијата во одбранбениот механизам на системот на националната безбедност на Република Македонија -------------------55
4. Потребни ресурси за извршување на дипломатските активности -------56
5. Стручност, професионалност, искуство и другите карактеристики на дипломатот во постигнување на поставената цел --------------------------57

**V ГЛАВА**

**УЛОГАТА И ЗАДАЧИТЕ НА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ ВО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОДБРАНБЕНАТА ДИПЛОМАТИЈА ----------------63**

1. Субјекти во спроведување на одбранбената дипломатија ----------------63
2. Меѓузависноста и соработката на одбранбената со другите видови дипломатија ------------------------------------------------------------------------72

3. Редовни средби на сите раководители од системот за национална безбедност со: Претседателот на државата, Премиерот и сите други министри од клучните ресори -------------------------------------------------73
4. Обуки на дипломатскиот персонал --------------------------------------------75
5. Изборот на кадар-----------------------------------------------------------------76
6. Развој на дипломатскиот кадар -----------------------------------------------79

**VI ГЛАВА**

**ОДБРАНБЕНАТА ДИПЛОМАТИЈА ВО ФУНКЦИЈА НА НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА---82**

1. Улогата на одбранбената дипломатија во борбата против асиметричните закани ------------------------------------------------------------------------------82
2. Одбранбената дипломатија во функција на заштитата на вооружените сили, системот за одбрана и внатрешната безбедност ----------------------82
3. Внатрешната безбедност како основен предуслов за успешно водење на одбранбената дипломатија ----------------------------------------------------84
4. Справување со асиметричните закани ----------------------------------------85
5. Безбедносното опкружување и одбранбената дипломатија на Република Македонија --------------------------------------------------------------------90

**ЗАКЛУЧОК ---------------------------------------------------------------------------94**
**ПОЈМОВНИК -------------------------------------------------------------------------96**
**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ---------------------------------------------------103**

# ВОВЕД

Промените во светски рамки во текот на XIX, XX век и сега во XXI век, неминовно водат и кон определени промени во однесувањето, целите и задачите кои ги поставуваат државните институции, пред лицата, кои се нивни претставници во странските држави, а тоа се дипломатите и дипломатиите.

Вообичаено секоја држава, во зависност од сопствените интереси, потреби и желби, се труди да ги подобри комуникациите и односите со некоја држава, со која постојат одредени интереси: економски, одбранбени, воени или други. Секако вака поставениот пристап, бара од државите кои имаат вакви интереси, да ги определат и дефинираат своите интереси и потреби и врз база на тие документи, да изберат личност која може соодветно да ги застапи интересите на државата и да овозможи, што поуспешно и побрзо нивно остварување. Ако денес, светот претставува една глобална заедница во која, се помалку постојат пречки за движење и размена на: капитал, стоки, работна сила и други вредности, тогаш основните чинители кои овозможуваат што поуспешно елиминирање и на оние малку пречки кои се останати, тоа се претставници на државата во друга држава – дипломатите. Согледувајќи ја вака поставената позиција на дипломатите, тогаш оваа професија има тешка и одговорна задача. Постојат точно поставени цели, кои државата која ги назначила и избрала ги очекува да бидат остварени. Притоа ценејќи ги, и почитувајќи ги професионалните квалитети и нивните лични способности и вештини, како и желба за остварување на поставените задачи од дипломатите се очекува многу повеќе. Непреченото движење на капиталот и стоката во светски рамки, од дипломатските претставници и нивните блиски соработници бара, истите да бидат со добри познавања на економските движења и капиталот, што ќе овозможи нивно полесно комуницирање, следење на движењето на капиталот и стоките, следење и анализирање на потребите со цел навремено насочување на активностите на државата во таа насока. За да може да се спроведат активностите и да се произведат соодветни производи, неопходно е да се има соодветна работна сила за производство, што од државите бара, да располагаат со соодветна работна сила, добро обучена и образована, како во домашните така и во странски образовни институции. Токму ова е моментот во кој може и треба да се пронајдат дипломатите, кои треба да овозможат полесен пристап на

нашите граѓани до меѓународните признати високообразовни институции за нивно школување со искористување на одредени поволности. Во делот на безбедноста, постојат потреби за многу активности: соработка на полето на внатрешната безбедност, надворешната, меѓународната, регионалната, воената, полициската и друга. Сосема логично е, за да се оствари еден ваков опфат на обврски, потребно е дипломатот да располага со соодветни знаења и вештини за: безбедносниот систем на сопствената држава, да има сенс за проценка на потребите и можностите кои му се нудат во секојдневната комуникација, следење на секојдневните информации кои му се достапни и истовремено нивно собирање, средување и анализирање како би можеле понатаму да бидат искористени. Собраните информации како секојдневен процес, неопходна е нивна дистрибуција до сопствената држава, како би можело и таму истите да бидат соодветно третирани, за да можат според нив, да се планираат одредени идни активности. Добиените информации кои се навремени, и веднаш дистрибуирани до службите, кои се задолжени за нивна обработка и анализирање, може успешно да придонесат до зголемување на безбедноста на државата и нејзините граѓани, што секако е проследено со определени активности на државата. Во овој контекст одбранбената дипломатија е во функција на справување со современите безбедносни предизвици со кои се соочува Република Македонија. Ова е клучниот проблем, кој е детектиран и обработен во магистерскиот труд, кој е исклучителен предизвик како во светски така и во домашни рамки. Од друга страна во едни регионални рамки на балканскиот простор, се развива една идеја на ***"заеднички дипломатски и конзуларни претставништва на две и повеќе држави".*** Овој тренд е пред се условен од економски причини на малите држави со цел намалување на трошоците за функционирање на овие служби. Вториот елемент е заедничкиот интерес: економски, политички, воени и било кој друг, што овозможува заеднички настап или еден претставник да ги застапува интересите на двете држави. Во ваков контекст постои дилемата кој и колку ќе ги застапува интересите на другата држава, и секогаш ќе постои одредено сомнение дали тоа е вистинскиот одговор или информација која е собрана или дистрибуирана. Со еден збор во вакви случаи многу е важна довербата во личноста за да може да постои соодветна соработка. Интересен е овој спој, посебно во делот на нашата тема одбранбена дипломатија, каде што основниот интерес на дипломатските

претставници е грижа за безбедноста на сопствената држава преку навремено собирање на безбедносни информации кои се од интерес за сопствената или за државата чиј што заеднички претставник е одреден дипломат.

# I ГЛАВА

# ОПШТО ЗА ДИПЛОМАТИЈАТА

## 1. Поим и суштина

Човекот од неговото настанување до денес, се судрувал со најразлични потреби, кои за многу работи знаеле да предизвикаат и конфронтации. Не секогаш било лесно да се комуницира, посебно помеѓу државите кои имале различити интереси, или пак оние кои имале слични интереси, кои пак предизвикувале ривалитет околу тоа кој побрзо, полесно и на поедноставен начин ќе дојде до посакуваното добро. Вообичаено, уште од многу одамна бил користен системот на испраќање на одредени претставници во вид на преговарачи, олеснувачи, “оладувачи на усвитените глави”, лица кои можеле да придонесат во решавањето на одредени проблеми. Секако, за ваквите активности, се барале точно определени лица, кои биле определени од племето, заедницата, селото, округот и некои други локални авторитети. Тоа биле лица кои можеле преку соодветни разговори и користење на разумни зборови, и со донесување или понудување на практични решенија, да успеат да ги помират страните или да придонесат да завладее разумот, а не силата. Токму во ваквите активности на развојот на човековото битие, лежи и основата на денешната современа дипломатија. Објаснувајќи ја оваа појава, се наметнува потребата од претставување на историскиот развој и почетоците на дипломатијата.

Повеќемина истражувачи сметаат дека дипломатијата настанала во античкиот период, а можеби дури и многу порано[1]. Повеќемина автори го објаснувале терминот дипломатија. Изразот *дипломатија* потекнува од грчкиот збор диплома, што во превод значи, акт на суверен превиткан на две. Се претпоставува дека терминот ***дипломатија*** почнал да се користи во ситуации, кога некој специјален пратеник на суверенот, носел некој превиткан (скриен,

---

[1] Марина Митревска, Превентивна дипломатија и мировни операции, Филозофски факултет Скопје, Скопје, 2010, стр.25-35, како и кај Нацев и Петрески,Стратегиски проекции на Република Македонија во Надворешната и безбедносната политика, ЕВРОПА 92- Кочани, 2013, стр.73, Станко Ник, Дипломација – методе и технике, Б.А.Р.Б.А.Т, Загреб, 1997, стр.13, Владимир Пивоваров, Дипломатско конзуларни претставништва-авторизирани предавања, Скопје, 2006, стр. 15, Данчо Марковски, Дипломатија –организација и практика, Кинематика, Скопје, 2002, 17

недостапен за секого) документ со себе, овластен да му го предаде на друг суверен. Носитетелот на дипломата започнал да се нарекува дипломат[2].

Според Chas, *дипломатијата* претставува, примена на интелигенцијата и ритамот на водење на официјални односи помеѓу владите на независните држави[3].

Според Berigde, *дипломатијата* претставува водење на меѓународни односи повеќе со преговори отколку со сила, пропаганда или примена на правото[4].

Според Barston, *дипломатијата* е врзана за менаџерскиот однос помеѓу две држави, како и помеѓу државата и другите актери, кое се однесува на советување, вообличување и спроведување на надворешната политика[5].

Според Feltham, темелот на *дипломатијата* е, комуникацијата, пренесување на мисли и идеи, помеѓу државите и влади, а се повеќе и помеѓу овие и меѓународните организации[6].

Според Марковски, во современата литература поимот *дипломатија,* најчесто се одредува, односно се поврзува, со грчкиот збор диплома, што значи формално посредување во меѓусебното комуницирање помеѓу државите; одредби и правила кои важат во тој период; официјални органи кои ги вршат тие работи; и умешност во јавното и тајното водење на преговори помеѓу одделни влади. Преносното значење на овој поим претставува мудро, претпазливо и учтиво однесување[7].

Дипломатијата како: функција, професија и занимање, има свои карактеристики кои е неопходно на самиот почеток да бидат претставени и дефинирани, како подоцна не би имало недоразбирање во користење на потребната терминологија, која заради спецификата на професијата се служи и со специфична меѓународна терминологија. Токму заради полесно разбирање на

---

[2] Зоран Нацев, Тони Петрески, Стратегиски проекции на Република Македонија во надворешната и безбедносната политика, ЕВРОПА 92 – Кочани, 2013, стр.73, преземено од Габер В., За македонската дипломатија, Магор, Скопје, 2009, стр.219

[3] Chas. W. F., The Diplomats Dictionary, Washington 1997, str. 70, Преземено од Владимир Пивоваров, Дипломатско конзуларни претставништва – авторизирани предавања, Скопје, 2006, стр.15

[4] Beridge G. R., Diplomacy, Theory and Practice, London – New York – Munich 1995, str. 1, Преземено од Владимир Пивоваров, Дипломатско конзуларни претставништва – авторизирани предавања, Скопје, 2006, стр.15

[5] Barston R. P., Modern Diplomacy, London 1996, str. 1, Преземено од Владимир Пивоваров, Дипломатско конзуларни претставништва – авторизирани предавања, Скопје, 2006, стр.15

[6] Feltham R. G., Diplomatic Hanbook, London and New York 1982, преземено од Станко Ник, Дипломација методе и технике, Б.А.Р.Б.А.Т, Загреб, 1997, стр.14

[7] Данчо Марковски, Дипломатија организација и практика, Кинематика, Скопје, 2002, стр.17

употребената терминологија, на самиот почеток ќе биде направено нејзино поимно определување и ќе биде претставена суштината на дипломатијата.

Кога се зборува за поимното определување, неопходно е, малку пошироко објаснување на повеќе термини кои се користат од дипломатската фела, а кои за обичниот граѓанин се неразбирливи или се делумно разбирливи, токму заради тоа на крајот на трудот, после заклучните согледувања е поставен појмовник.

## 2. Цели и задачи на дипломатијата

Кога станува збор за дипломатијата пред се, потребно е да се претстават нејзините цели и задачи, заради кои таа се формира, постои и функционира. Во овој контекст Гоцевски посочува дека основна цел на дипломатијата е, да ги отстрани сите пречки, разлики и несообразности меѓу државите и народите, како во денешното модерно време така и низ континуитетот на изминатите времиња[8]. Токму вака поставената цел ги произведува и задачите со кои треба да се справи или да ги спроведе воената или одбранбената дипломатија.

Задачите на воената дипломатија, условно, би можеле да се поделат на задачи од протоколарна природа, задачи од стручно-функционална природа кои се поставени пред воено-дипломатската клиентела според одредбите на Виенската конвенција и тајни задачи, задачи од разузнавачка природа, кои пред воено-дипломатските претставници ги поставува военоразузнавачката служба и нејзините институции. Поедноставено, оваа поделба би се подвела на задачи од легална (јавна) и задачи од илегална (тајна) природа[9]. Од друга страна и други автори се занимавале со дефинирање на целите и задачите на дипломатијата. Така Р. П. Барстон, вели: "Дејноста на дипломатијата може да се разложи на шест широки подрачја, во чии рамки постојат многубројни подгрупи;

- Претставување
- Наслушување
- Подготвување
- Намалување на отпор
- Поредок и правни промени и

---

[8] Трајан Гоцевски, Основи на системот на национална одбрана, трето дополнето и изменето издание, Македонска ризница – Куманово, ЕВРОПА - 92 – Кочани, 2002, стр.456

[9] Ibid, str.464

- Создавање, подготовка и дополнување на меѓународни прописи”[10].

Од изнесеното може да се констатира дека, целите и задачите на дипломатијата кои не се ни оддалеку лесни и едноставни, бидејќи од остварувањето на целите и задачите, постои дирекна зависност на донесувањето на важни одлуки на шефот на државата, а тоа дирекно значи и на правецот на кој ќе се определи да го завземе надворешната политика за одредени состојби, предизвици или политики на други држави.

### 3. Методи на дипломатијата

Дипломатијата за остварување на поставените цели, сакала или не, била условена да развие сопствена методологија на работење, која во суштина се регулира и има меѓународен карактер, кој е определен пред и над се со меѓународни конвенции кои ги прифаќаат и ратификуваат земјите кои се определиле за воспоставување дипломатски односи, со некоја друга држава или определена меѓународна организација во која уживаат ваков статус. Документите кои ги регулираат дипломатско конзуларните односи се следниве:

- **Виенска ковенција за дипломатски односи**[11]
- **Виенска ковенција за конзуларни односи**[12]
- **Виенска конвенција за договорното право** [13]

Кога се зборува за методите во дипломатијата, постои една најопшта поделба во која се предвидени: **општи** и **посебни** методи.

**Општи методи** во дипломатијата се: испитување, посматрање, студија на случај и анализа на содржина на документи. **Посебни методи** во дипломатијата се: убедување, ветување, заканата, наградата, казната и принудувањето[14]. Од друга страна во однос на методите на работење на дипломатијата интересно е

---

[10] Р. П. Барстон, Модерна дипломатија, ЗУМПРЕС, Скопје, 1996, стр.10

[11] Виенската конвенција за дипломатски односи е донесена на 18 април 1961, Види повеќе кај: Данчо Марковски, Дипломатија – организација и практика, Кинематика, Скопје, 2002, стр.197

[12] Виенска конвенција за конзуларни односи е усвоена на 24 април 1963, Види повеќе кај: Данчо Марковски, Дипломатија – организација и практика, Кинематика, Скопје, 2002, стр.211

[13] Видете ги комплетните конвенции кај Владимир пивоваров, Дипломатско конзуларни претставништва – авторизирани предавања, Скопје, 2006, стр.219

[14] Зоран Нацев, Тони Петрески, Стратегиски проекции на Република Македонија во надворешната и безбедносната политика, ЕВРОПА 92, Кочани, 2013, стр.82

претставувањето од страна на Гоцевски, за воената дипломатија и нејзините специфичности, каде што се претставени правците на воената дипломатија: “Првиот тргнува од потребата за активен развој и соработка на меѓуармиски план, преку размена на искуства, научни и технолошки достигнувања, преку школување кадри, опремување на вооружените сили, организирање и изведување заеднички вежби и маневри и слично. Втората насока е свртена кон присобирање тајни и друг вид податоци за вооружените сили на земјата домаќин. Оваа активност е најчесто подведена под активностите на разузнавачката дејност. Дејноста во воено – дипломатското претставништво може да биде **легална** и **нелегална** односно **јавна** и **тајна**.[15] ”

Токму работењето на дипломатијата и потребите кои се утврдени во општествените односи, изнудиле потреба да се воспостават и определени видови на дипломатија, која би била тесно поврзана со одредена проблематика, бидејќи тесната специјалност по области, овозможува поголема професионалност на лицата кои ќе бидат вклучени во одделната област на дипломатијата.

## 4. Видови на дипломатијата

Бидејќи во науката повеќе автори ги разграничиле различитите видови на дипломатии, тука ќе бидат претставени само неколку поделби; според поделбата на Станко Ник, подрачјата на дипломатијата се: *воена дипломатија, економска дипломатија, културна дипломатија* и други кои се појавиле како подгрупи кои се спроведуваат преку; *аташе за медиуми, аташе за работа, аташе за школство, финансиско аташе, земјоделско аташе, религиска дипломатија, спортска дипломатија* и др[16]. Секако дека постојат и многу други автори но одлучивме да ја прифатиме поделбата која подолу е претставена, за различните видови на дипломатија која е позната и можеби најчеста во светски рамки на дипломатијата.

---

[15] Трајан Гоцевски, Основи на системот на национална одбрана, трето дополнето и изменето издание, Македонска ризница – Куманово, ЕВРОПА - 92 – Кочани, 2002, стр.463

[16] Станко Ник, Дипломација –методе и технике, Б.А.Р.Б.А.Т, Загреб, 1997, стр.71-85

**А) Тајна и јавна дипломатија**

**Б) Формална и неформална дипломатија**

**В) Економска дипломатија**

**Г) Превентивна дипломатија**

**Д) Одбранбена дипломатија**

**Ѓ) Воена дипломатија**

**Е) Шатл дипломатија**

**Ж) Алиби дипломатија**

## А) Тајна и јавна дипломатија

Во однос на работењето на дипломатијата, постојат две форми на дипломатијата кои може да бидат: **тајни** и **јавни. Тајната дипломатија** е чест пристап во управување со конфликти и комплесни преговори, и затоа под поимот тајна дипломатија често се подразбираат две различити работи: тајни меѓународни договори и водење преговори надвор (скриени) од очите на јавноста[17]. Според Ортаковски – тајната дипломаија се: преговори во врска со кои во тајност се чуваат било која од следниве компоненти; 1. содржината на преговорите; 2. фактот дека тие се водат; 3. содржината на спогодбата до која довеле успешните преговори; 4. фактот дека има спогодба како резултат на успешните преговори[18]. Додека пак **јавната дипломатија -** е пренесување на информации и предавање позитивна слика кои создаваат услови за меѓувладина соработка[19], или пак пропаганда према странство која ја водат и координираат дипломатите[20], или тоа е влијанието кое една влада настојува на организиран начин да го оствари во промена на расположениеото во друга држава (во своја корист, се разбира)[21]. Во делот на јавната дипломатија на Република Македонија е нејзиното претставување преку двете списанија кои се издаваат од

[17] Живорад Ковачевиќ, Меѓународно преговарање, Албатрос плус, Београд, 2010, стр.198
[18]Владимир Ортаковски, Дипломатија, Факултет за безбедност, Скопје, 2010, стр.20
[19] Зоран Нацев, Тони Петрески, Стратегиски проекции на Република Македонија во надворешната и безбедносната политика, ЕВРОПА 92, Кочани, 2013, стр.85, споре Американскиот експерт Роберт Нај
[20] Живорад Ковачевиќ, Меѓународно преговарање, Албатрос плус, Београд, 2010, стр.196
[21] Ibid, str.195

Министерството за надворешни работи и тоа: *Дипломатски дневник* и списанието *Crosroud.*

### Б) Формална и неформална дипломатија

Како и во секојдневниот живот така и во дипломатијата постојат формални и неформални, лица, средби, комуникација, активности.***Формална дипломатија*** е кога определени и овластени дипломати се среќаваат отворено на определени места, (во министерството за надворешни работи, во конференциска сала), и ја вршат својата работа согласно востановена практика или според усвоени правила и процедури. **Неформална дипломатија** се одвива надвор од таквите определени места и без оглед на дипломатската практика и правила. Дипломатите ги користат средбите, на пример на премиерите, за неформална размена на мислења за деликатни прашања, или едноставно за разговор, кога нивните земји немаат дипломатски односи или дури не се ни признаваат една со друга. Неформалната дипломатија се состои во најголем дел од лобирање за интересите на една земја или група земји[22]. Во типот на неформалната дипломатија кај Ортаковски среќаваме неколку подгрупи и тоа:

- "Пинг – Понг" дипломатија[23]
- Дипломатија на "втор колосек"
- Дипломатија на олеснувач (Facilitator)
- Класична неформална дипломатија[24].

Сепак значајно е да констатираме дека, во современиот дипломатски свет, најчести се овие два типа на дипломатија, затоа што целокупната дипломатска активност се одвива преку овие два модалитета.

### В) Економска дипломатија

Секоја држава настојува да го зголемува економскиот потенцијал, како би се стекнала со што поголемо богатство и општествено влијание во, регионални,

---

[22]Владимир Ортаковски, Дипломатија, Факултет за безбедност, Скопје, 2010, стр.21

[23] Повеќе кај, Димитар мирчев, Ферментација на демократијата и на нацијата – сите македонски политички пролети 1943 – 1993, стр.287

[24] Владимир Ортаковски, Дипломатија, Факултет за безбедност, Скопје, 2010, стр.21-22

континентални или меѓународни рамки. Токму за овој вид на дипломатија има пишувано и Станко Ник, кој што економската дипломатија ја дефинира во потесна смисла на зборот; "економскиот советник во амбасадата, трговски аташе, претставник на министерството за финансии или царината при мисијата на некои земји, кои што најмногу работат на овозможување што поповолни политички, правни, фискални и други услови за најширока економска соработка и настап на други државни субјекти од сопствената држава во земјата на прием"[25]. Кога зборуваме за овој тип на дипломатија очекувано се наметнува фактот, да ја посочиме и нашата дипломатија како најблизок пример за економска дипломатија. Имено покрај официјалните претставници на Република Македонија, низ светот се ангажирани повеќе лица за економски промотори на нашата држава во проектот "ИНВЕСТИРАЈТЕ ВО МАКЕДОНИЈА". Токму овој проект, во кој е вклучен и највисокиот државен врв, во промоцијата на условите за инвестирање во Македонија, преку организирање на презентација на условите во развиените земји од светот, популарно наречено "Владино роуд шоу", се пример за економска дипломатија, спроведена од формални и неформални претставници.

### Г) Превентивна дипломатија

Односите меѓу државите во XXI век, се обременети со: затегнати соседски односи, конфликтни состојби, воени судири, меѓународен криминал, меѓународен тероризам и ред други состојби, кои е неопходно да бидат надминати со преговарање, а не со избувнување на судири и конфликти. Токму ваквата состојба во светски рамки пружа можност за превентивната дипломатија, како би се постигнале посакуваните цели. Превентивната дипломатија, всушност е, превентивна акција која ја преземаат меѓународните актери за спречување на вооружени судири[26]. Секако дека ваков тип на дипломатска активност, кај нас во Република Македонија ни е познат од периодот на бегалската криза од Косово во текот на 1999 и конфликтот од 2001

---

[25] Станко Ник, Дипломација – методе и технике, Б.А.Р.Б.А.Т, Загреб, 1997, стр.80

[26] Зоран Нацев, Тони Петрески, Стратегиски проекции на Република Македонија во надворешната и безбедносната политика, ЕВРОПА – 92, Кочани, 2013, стр.84

година, кога балканскиот простор беше средиштето на светската превентивна дипломатија.

### Д) Одбранбена дипломатија

За одбранбената дипломатија во овој дел ќе биде претставено само нејзиното поимно определување, бидејќи во трудот има една цела глава, но и самиот труд во основа е објаснување на истата. Така поимното определување е дека **одбранбената дипломатија** е: "збир на разновидни меѓународни активности базирани на дијалог и кооперација, водени билатерално од Министерството за одбрана со сојузниците, партнерите и другите пријателски земји, за промоција на достигнувањата на одбранбената политика во поддршка на надворешната политика на Република Македонија"[27]. Од друга страна Карагаќа, одбранбената дипломатија ја дефинира како: "синоним за современата воена дипломатија, како специфична гранка на општата дипломатија која се занимава со воено – политички и безбедносни аспекти на меѓународните односи"[28]. Вака поставениот концепт на преформулираната одбранбена дипломатија, води кон зголемена меѓународна дипломатска активност, која што е насочена кон принципите на дијалог и соработка. Ова значи директно поместување на принципите на војување и ангажман на одбранбената дипломатија преку разговори и соработка да пронајде соодветни мировни или решенија кои може да го избегнат можниот конфликт. Можностите кои се на располагање пред одбранбените дипломати се: организирање на конференции, трибини, организирање на преговори на страните со различнте интереси кои веќе се во фаза кога постојат сериозни показатели дека може да дојде до конфликт. Од друга страна дијалог и разговори со меѓународни мировни организации и институции, презентирање на сопствената армија, посети и размена на кадар, како и учество во заеднички вежбовни и мировни активности, на подрачја каде мирот и безбедноста се доведени во опасност или каде што е потребна помош во градење на мирот во постконфликтниот период. Секако дека со претставувањето на овие можности не се ограничуваат активностите на

[27] Јордан Стојанов, Магазин на Министерството за одбрана на Република Македонија, **ШТИТ** бр.42 од февруари 2013, стр.32

[28] Милан Карагаќа, Одбранбена дипломатија, Антологија текстова са Школа реформе сектора безбедности, Београд, 2007, стр.196

одбранбената дипломатија која во најголем дел зависи од инвентивноста на дипломатите.

### Ѓ) Воена дипломатија

Военaта дипломатија влече корени од XVI и XVII век[29]. Повеќе за овој феномен и постанокот може да се види и кај Зечевиќ[30]. Воената дипломатија претставува военодипломатска организација - институција која ги планира, организира, и води воените односи со странство, користејќи сопствена методологија (методи, сили и средства) за реализација на задачите од воена природа во меѓународните односи[31]. Од вака поставената дефиниција, произлегува **основната функција** на воената дипломатија - тоа е: претставување на вооружените сили, заштита на нивните интереси, претставување на сопствената држава, заштита на државните интереси, заштита на интересите на припадниците на вооружените сили и припадниците на државата, која пак е поврзана со нејзината **основната цел**, а тоа е да ги извршува есенцијалните дипломатски, разузнавачки и други задачи за потребите на вооружените сили[32]. Според повеќе автори, [33] основни задачи на воената дипломатија се:

- Претставување на вооружените сили и министерството за одбрана на земјата испраќач во земјата примател
- Заштита на интересите на државата и вооружените сили на земјата испраќач во земјата примател
- Собирање на сите достапни податоци за вооружените сили на земјата примател и нивно расчленување во прв степен
- Унапредување на билатералната воена соработка на сите нивоа, во склад со насоките од матичната земја и

---

[29] Види повеќе кај Гоцевски Трајан, Основи на системот на национална одбрана, трето дополнето и изменето издание, Македонска ризница – Куманово, ЕВРОПА 91- Кочани, 2002, стр.460
[30] Милан Зечевиќ, Војна дипломатија, Војноиздавачки центар, Београд, 1990, стр.30
[31] Ibid, str.17
[32] Зоран Нацев, Тони Петрески, Стратегиски проекции на Република Македонија во надворешната и безбедносната политика, ЕВРОПА – 92, Кочани, 2013, стр.86
[33] Според М.Биланџиќ, Дипломатија и обавештајна активност, стр.31

- Советување на државните претставници за сите прашања од воена природа[34].

Нацев, Петрески, разликуваат:

- Воена дипломатија на врвот
- Военидипломатски претставништва
- Военоекономски претставништва
- Воени мисии и
- Воени комисии[35].

За разлика во аргументацијата на Гоцевски стои дека оваа поделба треба да биде претставена како:

- Воена дипломатија на врвот
- Редовна воена дипломатија
- Воени дипломатски претставништва
- Военоекономски претставништва и
- Воени мисии и комисии[36].

### Е) Шатл дипломатија

Овој вид на дипломатија во суштина е, надвор од некои стандарди во дипломатијата, бидејќи не постои дирекна комуникација помеѓу двете заинтересирани страни, затоа што главни актери се други дипломати. Имено, *шатл дипломатијата* е преговарање во кое практично нема директен контакт помеѓу преговарачките страни, туку тоа се спроведува преку посредници[37].

За Шатл дипломатијата Ортаковски вели; “дека е една од поновите дипломатски методи, во која се комбинираат тајните преговори со јавното движење на дипломатите. Таа најчесто се врши од трета страна која служи како посредник меѓу страните во судирот, кои инаку не комуницираат меѓусебно. Во тој процес вообичаено е посредникот да презема последователни патувања (shuttling) од една до друга локација на страните во конфликтот. Притоа, тој не е

---

[34] Маринко Огорец, Војно-дипломатска пракса, Голден маркетинг, Техничка књига, Загреб, 2005, стр.47

[35] Зоран Нацев, Тони Петрески, Стратегиски проекции на Република Македонија во надворешната и безбедносната политика, ЕВРОПА – 92, Кочани, 2013, стр.87

[36] Гоцевски Трајан, Основи на системот на национална одбрана, трето дополнето и изменето издание, Македонска ризница – Куманово, ЕВРОПА 91- Кочани, 2002, стр.461

[37] Живорад Ковачевиќ, Меѓународно преговарање, Албатрос плус, Београд, 2010, стр.257

само “поштар”, кој ги пренесува пораките од едната до другата страна, туку го организира, води и насочува преговарачкиот процес”[38]. Овој вид на диломатија на македонската јавност и е познат, од времето на распадот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и формирањето на поодделните национални држави кои произлегоа од нејзе. Овој вид на дипломатија е користен за стопирање на воените и други несакани дејствија и помирување помеѓу закрвавените народи.

### Ж) Алиби дипломатија

Овој е интересен вид на дипломатија, преку кој државата или организацијта која ја спроведува, настојува да добие подршка за сопствените активности. Токму заради тоа и во поимното определување тука е насочена суштината, **алиби дипломатија** се политички иницијативи, преговори и други дипломатски активности кои се замена за вистинска акција, насочени на добивање поддршка од домашното и/или меѓународното јавно мислење[39]. Ако го имаме предвид криминалистичкото значење на поимот: алиби – (лат. alibi –некаде на друго место), доказ дека одредено лице, во наведено време кога е извршено кривичното дело, било на некое друго место, а не на местото на неговото извршување[40], тогаш некако како избегнување на одговорноста звучи овој тип на дипломатија, кој се стреми и бара оправдание за преземање на одредени дипломатски активности, кои од другата страна не се добредојдени или прифатени.

---

[38] Владимир Ортаковски, Дипломатија, Факултет за безбедност, Скопје, 2010, стр.25

[39] Живорад Ковачевиќ, Меѓународно преговарање, Албатрос плус, Београд, 2010, стр.283

[40] Живојин Алексиќ, Милан Шкулиќ, Милан Жарковиќ, Лексикон криминалистике, Дигитал Дизајн, Смедеревска Паланка, 2004, стр.8

## II ГЛАВА

## ОДБРАНБЕНА ДИПЛОМАТИЈА

### 1. Поим и развој на одбранбената дипломатија

**Одбранбената дипломатија** е “збир на разновидни меѓународни активности базирани на дијалог и кооперација, водени билатерално од Министерството за одбрана со сојузниците, партнерите и другите пријателски земји, за промоција на достигнувањата на одбранбената политика во поддршка на надворешната политика на Република Македонија”[41].

Карагаќа, одбранбената дипломатија ја дефинира како “***синоним за современата воена дипломатија***, како специфична гранка на општата дипломатија која се занимава со воено – политички и безбедносни аспекти на меѓународните односи”[42].

Посоченото поимно определување на терминот одбранбена дипломатија опфаќа:

- разновидни меѓународни активности;
- билатерален дијалог и кооперација;
- водење од страна на Министерството за одбрана;
- учесници, сојузниците, партнерите и други пријателски земји;
- промоција на постигнувањата во одбранбената политика и
- поддршка на надворешната политика.

Вака разложената дефиниција, нуди можност за подобро разбирање, од причина што овде може да се определат суштинските елементи на одбеанбената дипломатија. Имено во *првата подточка* се поставени активностите со кои се занимава овој вид на дипломатија. Станува збор пред се, за разновидни меѓународни активност кои се спроведуваат преку организирање на официјални и неофицијални средби на разни нивоа, организирање на конференции, формални и неформални средби на највисоките државни претставници на разни меѓународни собири, обезбедување директна и индиректна посредничка

---

[41] Јордан Стојанов, Магазин на Министерството за одбрана на Република Македонија, **ШТИТ** бр.42 од февруари 2013, стр.32

[42] Милан Карагаќа, Одбранбена дипломатија, Антологија текстова са Школа реформе сектора безбедности, Београд, 2007, стр.196

комуникација, обезбедување соодветна преписка и многу други познати и признати методи, и оние кои се непознати за јавноста. Во *втората подточка* се дава информација дека пред се станува збор за билатерален дијалог и кооперација. Ова значи дека дипломатот ја обезбедува комуникацијата (дијалогот) и соработката (кооперацијата) помеѓу две страни. Овој вид на комуникација му овозможува на дипломатот да обезбеди олеснување на процесот на комуникацијата, кој што може да биде оптеретен од одредени проблеми, да бил прекинат од едната или другата страна, да не бил претходно воопшто воспоставен итн. Во *третата подточка* одбранбениот дипломат е претставникот кој ги застапува интересите на Министерството за одбрана (МО), а преку него и државните интереси (во случајов на Република Македонија (РМ). Суштината е во тоа е дека дипломатот ги добива насоките и упатствата за постапување од страна МО на РМ, се разбира на истиот начин повратно ги обезбедува и доставува извештаите за постигнувањата, што е еден двосмерен процес на комуникација, соработка и координација. Во *четвртата подточка* се претставени учесниците во процесот на одбранбената дипломатија што значи како помош во остварување на поставените цели и задачи во конкретниот случај може да послужат и сојузниците, партнерите и други пријателски земји. Ова би значело дека во остварување на целите, може да бидат искористени сите можности за позитивно влијание од страна на претставените учесници врз другата страна, како би се постигнал максимално посакуваниот ефект. Во *петтата потточка* е претставена промоција на постигнувањата во одбранбената политика. Со други зборови реално и очекувано е, да се направи претставување за постигнатите ефекти на развој, подобрување, стандардизирање и унифицирање на одредени процедури кои што се од витално значење за одбранбената политика на земјата. Станува збор за учеството во заеднички билатерални, регионални и други активности на кои се претставуваат одредени ефекти, како би можело пред јавноста и светот да се претстават можностите, способностите, знаењата и вештините во спроведување на некоја одбранбена активност, што би ја зацврстило позицијата на државата и одбранбената политика. Последната *шестата подточка* е поддршката на надворешната политика, која што се прави преку остварувањето на претходните пет подточки и на тој начин се овозможува, првите луѓе кои раководат со државата и надворешната политика, да имаат соодветни механизми за

претставување и поддршка на надворешната политика. Се разбира дека откако претходно се е направено, многу е полесно да се донесуваат и соодветни и правовремени одлуки, преземаат соодветни мерки и активности за идни дејствувања. Заклучок од елаборирањето на дефиницијата за одбранбена дипломатија би бил дека, *овој вид на дипломатија му овозможува на државниот врв навремено да ги попречува и одвраќа можните конфликтни состојби, преку користење на сопствена дипломатска методологија, заедно со другите учесници во процесот што доведува до спроведување на активна одбранбена политика на државата во светски рамки.* Сепак вака поставената и дефинирана одбранбена политика мора да има и свои формално правни претпоставки врз кои ќе се потпира во нејзиното работење, што може да се види од следниот поднаслов.

## 2. Основни претпоставки за дејствување и улогата на одбранбената дипломатија во Република Македонија

Одбранбената дипломатија е дел од општата дипломатија, која е клучна за надворешната политика, а тоа е севкупност на институции и претставници кои се грижат и ја спроведуваат надворената политика на државата, облигаторно е постоење на основи врз кои ќе се темели оваа политика. Ако **Уставот** е темелниот акт на секоја држава, тогаш не постои никаква причина тоа да не биде така и во нашиот Устав[43], предвидена е улогата на Претседателот на Република Македонија, кој што е врховен командант на Армијата, а истовремено ги поставува и отповикува со указ амбасадорите и пратениците на Република Македонија во странство, ги прима акредитивите и отповиковните писма на странските дипломатски претставници....[44]

Вториот изворен документ е **Законот за одбрана**[45], каде што се поставени сите аспекти на одбраната на Република Македонија а истовремено е поставена улогата, задачите и целите на одбраната и на сите учесници во нејзе. Во овој контекст е дефинирана и улогата на Претседателот на Република Македонија, истовремено е дефинирана и улогата на Претседателот во; поставување

---

[43]Устав на Република Македонија Службен весник на Република Македонија бр..52/91и амандмани од: 92, 98, 2001,03, 05, 09

[44] Предвидено во чл.84 алинеа два и три од Уставот на РМ

[45] Закон за одбрана, Службен весник на Република Македонија бр. 185, 30.12.2011

старешини на формациски места генерали, унапредува и разрешува генерали, поставува и отповикува воени претставници на Републиката во странство[46].

Третиот документ кој е дел од оваа целина е **Закон за служба во Армијата на Република Македонија,**[47] каде што се предвидени сите потребни критериуми и претпоставки за служење во Армијата на Република Македонија.

Бидејќи контекстот е одбранбената дипломатија и врската со одбраната, ова е еден од изворите на правото каде што се дефинира, кој се може да биде воен претставник во странство, начинот на избор, упатување и враќање, платите и надоместоците и други работи. За полесно разбирање овде ќе биде цитиран членот 199 од **Закон за служба во Армијата на Република Македонија;**

- (1) Воени претставници на Републиката во странство се одбранбени и воени аташеа и членови на воените мисии во странство претставувани од воен и цивилен персонал, во согласност со актот за систематизација на Министерството за одбрана.
- (2) Воените претставници од ставот (1) на овој член имаат дипломатски статус.
- (3) Министерот за одбрана може со решение да упати воен старешина или цивилен персонал да врши должност во воените претставништва и воените мисии на Републиката во странство, штабови и во други меѓународни организации и меѓународни воени единици.
- (4) Начинот на избор, упатување и враќање на лицата од ставот (3) на овој член ги утврдува министерот за одбрана.
- (5) Висината на платата, додатоците на платата и другите надоместоци на лицата од ставовите (1) и (3) на овој член ги утврдува министерот за одбрана[48].

Секако, кога станува збор за надворешни работи или претставување во странство, основен пропис кој го регулира ова работење е **Закон за**

---

[46] Предвидено во Закон за одбрана, Службен весник на Република Македонија бр. 185, 30.12.2011, во одделот в) Председател на Република Македонија и врховен командант на Армијата и во чл.18 став 1 и точките 11 и 12
[47] Закон за служба во Армијата на Република Македонија, Службен весник на Република Македонија бр. 36/2010, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12 и 29/2014
[48] Предвидено во членот 199 од Закон за служба во Армијата на Република Македонија, Службен весник на Република Македонија бр. 36/2010, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12 и 29/2014

**надворешни работи,**[49] во кој што е предвидена целокупната материја за надворешните работи и надворешната политика на Република Македонија, и за дипломатијата на Македонија. Во овој закон се предвидени и надлежностите на сите учесници во надворешната политика, организацијата и функционирањето на Министерството за надворешни работи, избор, селекција, обука, упатување, отповикување на дипломатско конзуларни претставници, нивното работење, оценување и се што е потребно за нормално функционирање на оваа служба.

Покрај овие нормативни акти, постојат и дополнителни документи кои се база за одбранбената дипломатија, еден од нив е **Националната концепција за безбедност и одбрана**[50]**,** каде што се претставени: **А.** Итересите на Република Македонија , **Б.** Политиката на националната безбедност, **В** Одбрана.

Следен документ е **Стратегија за одбрана на Република Македонија**[51]**,** каде што се предвидени опасностите, заканите и ризиците а истовремено и развојот на системот за одбрана на Републиката, преку развојот на Армијата и другите чинители кои се вклучени во овој систем.

Кога станува збор за *улогата на одбранбената дипломатија*, во современиот свет и целокупната улога на општата дипломатија е видоизменета, пред се од општествените услови кои владеат и секако поставените цели и проблеми кои се испречуваат пред современиот свет: развојот на меѓународниот организиран криминал, тероризмот, трговијата со наркотички средства и оружје и многу други новосоздадени пречки од меѓународен карактер. Токму ваквиот сплет на околности ги поставува и целите и задачите на одбранбената дипломатија, што во суштина е базата на потребата од комуникација и соработка помеѓу државите како на билатерален така и на мултилателарен план.

Токму за ваквата потреба зборува и Стојанов, кој во четири продолженија го објаснува значењето и суштината на одбранбената дипломатија на Република Македонија[52]. Во неколкуте продолженија се поставени темелите на Македонската одбранбена дипломатија, која што ја има основната улога во:

[49] Закон за надворешни работи, Службен весник на Република Македонија бр.46/2006, 107/2008 и 26/2013, како и неофицијален пречистен текст
[50] Националната концепција за безбедност и одбрана е донесена на 11 јуни 2003 год.
[51] Стратегија за одбрана на Република Македонија, Службен весник на Република Македонија бр. 45 од 11 септември 1998
[52] Магазин на Министерството за одбрана на Република Македонија, ШТИТ, бр. 42-45, 2013 година

***Унапредување на пријателските односи станува доминантна функција во одбранбената дипломатија***, која подразбира;

- Воспоставување и унапредување на соработката во областа на одбраната помеѓу министерствата, генералштабовите и во рамките на меѓународните организации и иницијативи,
- Подготовка и потпишување на спогодби за соработка, меѓудржавни договори и протоколи,
- Школување и обука,
- Вежби и учество во мисии,
- Размена на искуства по разни прашања од областа на одбраната,
- Помош во реформите на системот за одбрана,
- Договарање на посети на делегации и работни групи,
- Редовни контакти и средби со авторитети од меѓународните организации и др[53].

Од друга страна во *Стратегијата за одбранбена дипломатија*, во третиот дел Цели и принципи на одбранбената дипломатија, стои: "целите на одбранбената дипломатија се во согласност со општите цели  и приоритети. Покрај афирмирање на Република Македонија преку постоечкиот прогрес во делот на одбранбените реформи и декларираниот и реален придонес кон колективната безбедност и светскиот мир, преку спречување и разрешување конфликти, целта на одбранбената дипломатија е и нејзина зајакната поддршка на севкупната дипломатија во насока на надминување на предизвиците и препреките на патот кон НАТО и Европската унија"[54].

## 3. Терминолошки и функционални различности помеѓу воената и одбранбената дипломатија

Според добрите познавачи на приликите во доменот на воената и одбранбената дипломатија, постојат клучни разлики кои во одредени делови се од суштинска природа, пред се според задачите и улогата на различниот вид

---

[53] Магазин на Министерството за одбрана на Република Македонија, ШТИТ, бр. 43, март 2013, стр.24

[54] Министерство за одбрана на Република Македонија, Стратегија за одбранбена дипломатија, Скопје, декември 2012, стр.7

дипломатска активност. Заради полесно согледување на терминолошките и функционалните дивергенции помеѓу воената и одбранбената дипломатија, ќе се обидеме да изготвиме еден компаративен преглед на задачите и методите со кои се задолжени и се служат овие структури а истовремено, и нивните основни цели кои е потребно да се остварат.

Табела бр. 1 Компаративен преглед на ***задачите*** на воената и одбранбената дипломатија

| **Воена дипломатија** | **Одбранбена дипломатија** |
|---|---|
| 1. Основни задачи според Огорец:<br>• Претставување на вооружените сили и министерството за одбрана на земјата испраќач во земјата примател<br>• Заштита на интересите на државата и вооружените сили на земјата испраќач во земјата примател<br>• Собирање на сите достапни податоци за вооружените сили на земјата примател и нивната структура во прв степен<br>• Унапредување на билатералната соработка на сите нивоа, во склад со упатствата од матичната држава и<br>• Советување на високите државни структури за сите прашања од воена природа[55]. | 1. Основни задачи според Карагаќа,<br>• откривање<br>• превенција и<br>• спротивставување на современите безбедносни предизвици со цел јакнење на меѓународната позиција на државата и заштита на нејзините интереси, при што развивањето на соработката во областа на одбраната и безбедноста е клучна претпоставка и основна задача на современата одбранбена дипломатија[56].<br>2. Задачи на одбранбената дипломатија според Стратегијата:<br>• Целосна координација и усогласено дејствување со другите субјекти на надворешната политика, во согласност со принципите за развој на меѓународните односи на |

[55] Маринко Огорац, Војно-дипломатска пракса, Голден маркетинг – Техничка књига, Загреб, 2005, стр.47

[56] Милан Карагаќа, Антологија текстова са Школа реформе сектора безбедности, ISAC Fond International and Security Affairs Centre – Центар за међународне и безбедносне послове, Београд, 2007, стр.197

| | |
|---|---|
| 2. Задачи според Гоцевски, има два вида : протоколарни и стручно – функционални, тајни задачи (легални јавни) и задачи од илегална (тајна) природа.<br>***Протоколарни:*** претставник на своите вооружени сили како официјално лице кое во земјата домаќин е во улога на државник кој во свое име и име на своите вооружени сили секогаш води политика во интерес на сопствените вооружени сили<br>***Стручно-функционални задачи***: преговорите со владата и министерството за одбрана на земјата домаќин, преговори од меѓуармиска соработка, набавка и продавање на оружје и опрема, прашања кои се однесуваат на размена на податоци од економска, политичка или воена природа<br>***Тајни задачи***<br>• Собирање на податоци и известувања за состојбите и настаните во одбраната во земјата домаќин е важна и деликатна задача<br>• Задачи кои се завршуваат со најсуптилните нијанси на | Република Македонија со светот, како и со развојот на капацитетите на Армијата и Министерството за одбрана<br>• Обезбедување капацитет за спроведување на разновидни активности за промоција на поширокитe интереси на Република Македонија, изградба и одржување на мерки за доверба, како и проширување и продлабочување на одбранбената соработка на сите нивоа (билатерално, регионално и мултилатерално)[57].<br>3. Според Стојанов, Унапредувањето на пријателските односи станува доминантна функција во одбранбената дипломатија:<br>• Воспоставување и унапредување на соработката во областа на одбраната помеѓу министерствата, генералштабовите и во рамките на меѓународните организации и иницијативи,<br>• Подготовка и потпишување на спогодби за соработка, меѓудржавни договори и протоколи,<br>• Школување и обука,<br>• Вежби и учество во мисии, |

[57] Министерство за одбрана на Република Македонија, Стратегија за одбранбена дипломатија, Скопје, 2012, стр.

| | |
|---|---|
| илегалната разузнавачка дејност со која се занимава поголем број од персоналот на воено-дипломатското претставништво[58].<br>3. Задачи според Нацев,<br>• условно можат да се поделат на задачи од протоколарна природа, потоа<br>• задачи од стручно-функционална природа, кои произлегуваат од одредбите на Виенската конвенција и<br>• задачи од тајна природа (разузнавачка) природа, кои пред военодипломатските претставништва ги поставува разузнавачката служба и нејзините институции[59].<br>4. Според Карагаќа, задачите се:<br>• Унапредување на односите со земјата примател<br>• Следење и проценка на војно-политичката и безбедносната состојба<br>• Размена на искуства и јакнење на партнерството[60]. | • Размена на искуства по разни прашања од областа на одбраната,<br>• Помош во реформите на системот за одбрана,<br>• Договарање на посети на делегации и работни групи,<br>• Редовни контакти и средби со авторитети од меѓународните организации и др[61]. |

58 Гоцевски Трајан, Основи на системот на национална одбрана, трето дополнето и изменето издание, Македонска ризница – Куманово, ЕВРОПА 91- Кочани, 2002, стр.464

59 Зоран Нацев, Тони Петрески, Стратегиски проекции на Република Македонија во надворешната и безбедносната политика, ЕВРОПА – 92, Кочани, 2013, стр.96

60 Милан Карагаќа, Антологија текстова са Школа реформе сектора безбедности, ISAC Fond International and Security Affairs Centre – Центар за меѓународне и безбедносне послове, Београд, 2007, стр.197

61 Јордан Стојанов, Магазин на Министерство за одбрана на Република Македонија, Штит, бр.43, 2013, стр.24

Во основа најголемиот број од задачите од воената и одбранбената дипломатија се поклопуваат или се многу слични, но битно е да се каже дека во одбранбената дипломатија акцентот е ставен на соработката и комуникацијата, во втор план се задачите од разузнавачка природа, додека во воената дипломатија скоро секогаш тие задачи имале приоритет.

Табела бр. 2 Компаративен преглед на ***методите*** на воената и одбранбената дипломатија

| **Воена дипломатија** | **Одбранбена дипломатија** |
| --- | --- |
| 1. Според Нацев и Петрески, методи кои ги користи воената дипломатија се искуствени и имаат три фази:<br>• Прва фаза е набљудување (опсервација) на појавите и предметите и запазување на фактите. Самиот метод (процес) на набљудувањето е сложен и ризичен, а е условен од самата дејност, човекот и средствата,<br>• Втората фаза е објаснување на појавите или предметите врз основа на прибраните факти и главно опфаќа причина, дејство и последицата и заклучокот врз основа на собраните факти по пат на набљудување и споредување,<br>• Третата фаза е опис на самата појава, предмет или работа[62]. | 1. Според Карагаќа, постои поместување во методите на работа на одбранбената дипломатија од разузнавачка функција (тајна активност и методологија) која сега добива второстепено значење, во функција на унапредување на односите (јавна функција и методологија)[63].<br>2. Според Стратегијата за одбранбена дипломатија, таа се служи со следниве инструменти:<br>• Воспоставување на соработка преку потпишување и спроведување на договори за соработка<br>• Посети и средби на највисоко ниво – министри за одбрана, началници на генералштабови и |

[62] Зоран Нацев, Тони Петрески, Стратегиски проекции на Република Македонија во надворешната и безбедносната политика, ЕВРОПА 92-Кочани, 2013, стр.90

[63] Милан Карагаќа, Антологија текстова са Школа реформе сектора безбедности, ISAC Fond International and Security Affairs Centre – Центар за међународне и безбедносне послове, Београд, 2007, стр.202

| | |
|---|---|
| 2. Според Зечевиќ, се претставени истите методи[64]. | други посети и средби, како и учество на меѓународни средби и состаноци од висок формат<br>• Претставување преку одбранбено - дипломатски претставници<br>• Посети на воени единици<br>• Соработка и размена на помош во реформите на одбранбениот и безбедносниот сектор<br>• Учество во градење на одбранбени капацитети во постконфликтни операции<br>• Едукација и обука на воениот и цивилниот персонал во странство<br>• Учество во воени вежби, на конференции и на штабски разговори<br>• Билатерални и мултилатерални средби на експертско ниво<br>• Исполнување на меѓународните конвенции и договори за контрола на вооружувањето и непролиферација на оружјето за масовно уништување и изградба на мерките за доверба и безбедност<br>• Соработка во областа на воената индустрија/наменското |

[64] Милан Зечевиќ, Војна Дипломатија, војноиздавачки центар, Београд, 1990, стр.253

| | |
|---|---|
| | производство[65]. |

Според погоре претставените методи на работење и задачите можеме да извлечеме заклучок дека: *денешната методологија на работење на одбранбената дипломатија во најголем дел е јавна и затоа се користат сите познати методи за соработка и комуникација, додека оној дел од тајната методологија кој е ставен во втор план сепак постои но има второстепено значење.*

Одбранбените дипломати во секојдневното работење користат: ***јавни*** и ***тајни методи на работење*** (разузнавачки активности), за што подолу ќе има образложение.

## 4. Потреба од одбранбената дипломатија

Неопходноста од одбранбената дипломатија, е поврзана со заштитата на интересите на државата на надворешен план, зајакнување на надворешната политика на државата, проширување и подобрување на соработката и развојот на својот одбранбен систем како на локален, регионален и меѓународен план.

Одбранбената дипломатија се грижи за зајакнување на капацитетите на одбраната преку билатерална и мултилатерална соработка на вооружените сили, нивниот развој, обуки и опремување, преку учество на разни конференции, трибини, вежбовни активности и самити кои се поврзани со одбраната а се од: локален, регионален и меѓународен карактер. Истовремено одбранбената дипломатија има за задача, да ги штити интересите на своите армиски претставници, кои што учествуваат во разни мировни мисии надвор од матичната земја а под капата на разни мировни коалиции, како што се: (Авганистан, Ирак, Босна и Херцеговина и др.). Современите глобализациски предизвици, здружувања во форми и видови, според најразлични принципи, во делот на одбраната бараат од помалите земји кои немаат капацитети (ресурси) за градење на сопствена одбранбена политика, која може да одговори на сите современи безбедносни предизвици, да бидат упатени на здужувања во делот на

---

[65] Министерство за одбрана на Република Македонија, Стратегија за одбранбена дипломатија, Скопје, 2012, стр.8

одбранбената политика. Одбранбената дипломатија е спонатa која ги поврзува државите на билатерален и мултилатерален план, истовремено обезбедувајќи соодветна комуникација и можности за комуникација, соработка и здружување во одредени меѓународни организации и коалиции. Ваквиот пристап овозможува соработка и здружување пред се на регионална основа а потоа и на меѓународна, што во принцип би значело искористување на заедничките капацитети за надминување на одредени безбедносни проблеми.

## 5. Цели и приоритети на одбранбената дипломатија

Со оглед на тоа дека одбранбената дипломатија е во функција на државата и нејзината надворешна политика и стремежи, не може да се очекува дека целите на одбранбената дипломатија ќе се разликуваат или да се во конфронтација со државните интереси и стремежи.

Основните заеднички цели на одбранбената дипломатија би биле:

- Спречување на спорови и судири помеѓу државите
- Спречување на ескалација на спорови и судири во вооружени конфликти
- Лимитирање на интензитетот на насилството кое произлегува од конфликтите
- Спречување и совладување на хуманитарни кризи
- Иницирање на мерки кои водат до евентуално решавање на кризите и конфликтите[66].

Бидејќи има претставено повеќе цели кои се испречени пред одбранбената дипломатија за решавање, Митревска ги сублимира во две основни:

- Решавање на поединечни прашања пред тие да станат проблем и
- Со решавање на проблеми пред тие да ескалираат во вооружен судир[67].

Како еден вид на заклучок, кој може да се извлече од контекстот на целите на одбранбената дипломатија е дека: *таа со сите свои расположиви инструменти и ресурси настојува да превенира и попречува евентуални*

[66] Марина Митревска, Превентивна дипломатија и мировни операции, Филозофски факултет Скопје, Скопје, стр.58, преземено од Вукадиновиќ Р., Политика и дипломатија, Политичка култура, Загреб, 2004, стр.147
[67] Ibid, str.58

*проблеми, кризи и конфликти кои имаат тенденција да прераснат во вооружени судири.*

# III ГЛАВА

# ИНФОРМАЦИИТЕ И ОДБРАНБЕНАТА ДИПЛОМАТИЈА

## 1. Значењето на информациите за одбранбената дипломатија

Една од задачите на одбранбената дипломатија е доаѓање до релевантни информации кои предизвикуваат безбедносен интерес а нивното поседување доведува до навремено спроведување на одредени активности за добивање одредена предност пред останатите учесници во процесот.

Многумина автори се занимавале со оваа проблематика. Така според Вујаклија, **информација** – (лат. information) претставува поучување, упатување, упатство, информирање, информираност, известување, извештај, известување, судско извидување, истрага[68].

Според Миќуновиќ, **информација** – лат. е известување, соопштение, извештај[69].

Според Ѓорѓевиќ, **информација** – (лат. information – известување), е податок, вест, мислење насочено на одреден број на корисници[70].

Според речникот на разузнавачки термини објавен кај Дојчиновски и Оџаков, **информација** значи - необработен податок од секаков вид кој може да се користи за создавање разузнавачка информација (сознание)[71].

Според Џуклески, **информација** – претставува она извесување, односно сознание што е резултат на соодветна обработка на податоците, извршена на друго место и во друго време[72].

Постои уште голем број на автори кои на некој начин го дефинирале поимот информација. Но ние ќе ги претставиме поимите: **податок и почетен податок.**

---

[68] Милан Вујаклија, Лексикон страних речи и израза, Просвета, Београд, 1980, стр.363

[69] Љубо Миќуновиќ, Современ лексикон на странски зборови и изрази, Нача книга, Скопје, 1990, стр.255

[70] Обрен Ѓорѓевиќ, Лексикон безбедности, Партизанска књига, Београд, 1986, стр.123

[71] Методија Дојчиновски, Фердинанд Оџаков, Разузнавачки операции, Соларис принт, Скопје, 2010, стр.245

[72] Гоце Џуклески, Прирачник за соработничка мрежа, График Мак Принт, Скопје, 2005, стр.43, а преземено од Марина Малиш Саздовска, Прирачник за разузнавачки циклус, График Мак Принт, Скопје, 2005, стр.20

Според Ѓорѓевиќ, **податок** – е име за збир на меѓусебно поврзани факти кои сочинуваат единствена целина[73], **почетен податок** – дека е прв податок добиен од субјектите на општествената самозаштита или пријавен од службите за безбедност, кој укажува на прикажана или можна активност на поединци или организирани групи, насочени кон загрозување на уставниот поредок, кој бара, има потреба, иницира, ангажирање на службите за безбедност заради утврдување на фактичката состојба и преземање на соодветни мерки. Во теоријата и праксата, почетниот податок поинаку се вика и почетна информација, индикативно известување, прво сознание и др[74].

Вообичаено во криминалистичката литература и во криминалистиката овој поим на информација се поврзува со определено лице, од кое може да биде добиена соодветна криминалистичка информација, кое што во криминалистиката се претставува како **информатор.**

Според Миќуновиќ, **информатор** – (лат. informator), е оној што известува, публикација со важни информации[75].

Според Вујаклија, **информатор** – (лат. informator), известувач, известител[76].

Според Алексиќ и други, **информатор** - (лат. informator - известувач), лице кое на органите за безбедност доброволно им доставува податоци кои се значајни за спречување, откривање и разјаснување на кривични дела, како и за откривање и лишување од слобода на извршителите[77].

Според Ѓорѓевиќ, **информатор** - (лат. informator), лице кое што свесно, тајно и организирано собира и предава одредени податоци на разузнавачките и службите за безбедност[78].

Според Водинелиќ, **информатор** – е секое лице кое може да даде потребни информации за одреден настан или лице[79].

Според Ангелески, **информатор** – подразбираме физичко лице кое на овластените службени лица на полицијата систематски, перманентно и на

---

[73] Обрен Ѓорѓевиќ, Лексикон безбедности, Партизанска књига, Београд, 1986, стр.280
[74] Ibid, str.280
[75] Љубо Миќуновиќ, Современ лексикон на странски зборови и изрази, Нача книга, Скопје, 1990, стр.255
[76] Милан Вујаклија, Лексикон страних речи и израза, Просвета, Београд, 1980, стр.363
[77] Живојин Алексиќ, Милан Шкулиќ, Милан Жарковиќ, Лексикон криминалистике, Дигитал Дизајн, Смедеревска Паланка, 2004, стр.109
[78] Обрен Ѓорѓевиќ, Лексикон безбедности, Партизанска књига, Београд, 1986, стр.125
[79] Владо Водинелиќ, Криминалистика, пето, изменето и проширено издание, Савремена Администрација, Београд, 1984, стр.56

дискретен начин (тајно) им дава криминалистичко-релевантни информации за конкретни криминални однесувања, како и за сторители на таквите општествено штетни однесувања[80].

Можеби делува малку невообичаено, што во дипломатијата се претставени толку многу термини од криминалистиката, но, ако ги погледнеме целите и задачите на дипломатијата воопшто, а конкретно на одбранбената дипломатија, покрај аспектот на соработка, мора да се исполнат и задачите на прибирање разузнавачки и контраразузнавачки информации од јавна и тајна природа. Токму за оваа втора функција или задача на одбранбената дипломатија, ќе стане збор во следното поглавје, каде што ќе биде објаснет и разработен целокупниот процес на собирање информации.

## 2. Процесите на прибирање на информации

Прибирањето или собирањето на информациите е континуиран процес, кој се одвива за целокупното времетраење на дипломатска активност на секој поединец член на дипломатската мисија, од највисокиот до најнискиот ранг или пак вработен, а истовремено и заштита на сопствените интереси и документи, како би се спречило истекување на доверливи информации и документи.

Собирањето на информации претставува користење на изворите од страна на лица насочени за тоа, органи, институции и агенции заради доставување на истите до соодветниот орган за обработка од каде понатаму се користи во произведувањето на разузнавањето[81]. Од ова произлегува дека низ целокупното живеење и работење на членовите на дипломатската служба и нивната активност, постои една и единствена цел, заштита на интересите на државата, преку постигнување на две цели: спроведување на активностите и задачите кои се добиени од матичната држава и втората, заштита на интересите на сопствената држава. Овие две навидум многу едноставни цели кои се поставени пред дипломатијата на државата, ни од далеку не се лесни и едноставни за постигнување, пред се заради низа пречки кои се јавуваат во овој процес: немање доволно на ресурси (човечки, финасиски, технички), недоволна

---

[80] Методија Ангелески, Криминалистика (општа криминалистичка теорија), НИО Студентски збор, Скопје, 1993, стр.202

[81] Методија Дојчиновски, Фердинанд Оџаков, Разузнавачки операции, Соларис принт, Скопје, 2010, стр.151

обученост, недоволно располагање со потребни специфични знаења и вештини и друго. Од друга страна со што и да располагаат дипломатските мисии во странство, неопходно е да го вложат сиот свој потенцијал за постигнување и остварување на целите за кои се назначени, а не во периодот за кој се назначени во дипломатската мисија да им претставува само определено “задоволство или екскурзија”. Обврските од доменот на дипломатското работење се спроведуваат секојдневно па така и информациите, оние незначајните, помалку или повеќе значајните се секојдневно присутни, а умешноста на дипломатот е да ги препознае и соодветно документира за подоцна да може да бидат адекватно искористени. Целокупната оваа дипломатска активност има еден заеднички термин кој се користи и општо е прифатен а тој е***: разузнавачки циклус*** кој значи спроведување мерки и активности на разузнавачки органи, лице или институција со цел произведување на разузнавачки производи[82]. Односно тој е процес во кој од страна на припадниците на разузнавачките центри се прибираат, анализираат и користат разузнавачки информации заради проучување на лицата, појавите и состојбите кои се безбедносно интересни, а со цел преземање акција за намалување и за спречување на криминалитетот и другите општествено опасни и криминални поведенија[83].

Една од важните работи е процесот низ кој поминуваат собраните информации до предизвикување на одбранбена дипломатска активност. За да се разбере суштината на процесот на почетокот се претставени методите за собирање и обезбедување на податоци во вид на табеларен преглед.

---

[82] Методија Дојчиновски, Фердинанд Оџаков, Разузнавачки операции, Соларис принт, Скопје, 2010, стр.248

[83] Марина Малиш Саздовска, Прирачник за разузнавачки циклус, График Мак Принт, Скопје, 2005, стр.31

Табела бр. 3 Методи за собирање и обезбедување на податоци во вршење на дипломатската активност[84]

| **Легални форми во воената дипломатија** | **Легални форми во одбранбената дипломатија** |
|---|---|
| Официјални активности и контакти со претставниците на земјата на прием | Воспоставување и унапредување на соработката во областа на одбраната т.е. помеѓу министерствата за одбрана и генералштабовите на двете земји, односно на истите со НАТО и регионалните организации и иницијативи |
| Преку посети на единиците, институциите и патувања во организација на домаќините и асоцијацијата на воено дипломатскиот кор | Реализирање на активности во склад со програмата Партнерство за мир |
| Учество во состав на воени делегации и работни групи | Подготовка и потпишување на договори за соработка во областа на одбраната, меѓудржавни договори и протоколи за воено – техничка и воено – економска соработка, заштита и размена на податоци, школување и обука и сл. |
| Учество на конференции, семинари, симпозиуми и др. | Подготовка и потпишување на планови за билатерална воена соработка – годишни и среднорочни |
| Преку користење на средствата за јавно информирање и интернет | Школување и обука |
| Општествени активности во состав на воено – дипломатскиот и | Вежби и учество во мисии |

[84] Табелата е подготвена според текст на Милан Карагаќа, **Дипломатија и војна дипломатија**, Зборник предавања са IX Школа реформе сектора безбедности, ISAC Fond International and Security Affairs Centre Centar za medunarodne i bezbednosne poslove, Beograd, 2007, стр.102

| | |
|---|---|
| дипломатскиот кор | |
| Приредби и ручеци кои сами ги организираат | Размена на искуства по разни прашања од областа на одбраната |
| Контакти со граѓаните на земјата пријател | Помош во реформата на системот за одбрана |
| Контакти со нашите граѓани кои по разни основи престојуваат во земјата примател | Договарање на посети на делегации и работни групи |
| Контакти со војно-дипломатските представници на други земји | Покренување на иницијативи за прашања кои се поврзани со проширување и унапредување на соработката |
| Лично набљудување | Редовни контакти со Министерството за одбрана и Генералштабот на земјата на приемот, односно со органите на НАТО и регионалните организации |

Со цел полесно разбирање на легалните методи на одбранбената дипломатија, ќе ги претставиме со неколку реченици објаснување за истите.

- ***Официјални активности и контакти со претставниците на земјата на прием***

Во секојдневното работење сите лица кои работат во Дипломатско конзуларното претставништво (ДКП), се обврзани да се грижат за безбедноста на своите податоци и документи, но истовремено имаат обврска за собирање на потребни известувања, кои се дел од нивното секојдневно работење. Имено во секојдневните работни обврски тие имаат комуникација со голем број на граѓани, како државјани на нивната матична земја така и странци кои по некој основ имаат потреба од добивање на определени документи за посета на земјата испраќач на дипломатите или пак бараат одредени информации. Во оваа непосредна комуникација се остваруваат безброј контакти од кои може да се добијат и определени информации, кои се од безбедносен карактер а се

интересни за претставниците на (ДКП), кои треба да ги препознаат и да ги прошират а потоа веднаш да информираат и ги проследат понатаму во системот.

- ***Посети на единиците, институциите и патувања во организација на домаќините и асоцијацијата на Воено дипломатскиот кор***

Дел од дипломатската активност е комуникацијата, посетите, и разговорите со дипломатскиот кор, при што во таа комуникација е потребно дипломатскиот претставник да ги користи своите сетила и тоа пред се: да гледа и забележува, добро да памти, да слуша и да знае да разбере дури и она што се кажува меѓу редови, да може во дискусијата на ненаметлив начин да дојде до саканата информација а истовремено, да се грижи и самиот да не оддаде некоја класифицирана информација со која располага, или пак да го искаже и му даде на знаење на соговорникот кој е неговиот интерес и зошто.

- ***Учество во состав на воени делегации и работни групи***

По повод одредени настани: посети, паради, годишнини, погреби, комеморации, обработка на одредени документи и друго, дипломатските претставници имаат прилика да бидат дел од воени делегации и работни групи, каде што имаат прилика за директна комуникација, пристап до одредени документи, размислувања на поединци и држави, следење на расположението и ставовите по одредени безбедносни прашања и друго. Како и претходно и овде е потребно нивно активно учество и користење на своите способности за успешно добивање на безбедносно интересни податои.

- ***Учество на конференции, семинари, симпозиуми и др.***

Конференциите на кои учествуваат дипломатските претставници, а кои се однесуваат на поставените цели кои се од нивни интерес, се местата каде што може да се сретнат со определени новости, во делот на одбранбената политика, заедничката одбранбена политика, регионалните и меѓународните безбедносни предизвици и интереси, промоциите на одредени согледувања во безбедноста, претставување на одредени техничко технолошки средства кои служат и се користат за помош на одбранбената безбедносна структура и армиите и друго.

- ***Користење на средствата за јавно информирање и интернет***

Во современиот свет средствата за јавно информирање имаат огромна улога за пренесување на одредени пораки, информации, дезинформации и други информации кои за одредени настани се од суштинско значење. Имено во

денешни услови средствата за јавно информирање: пишувани или електронски, се најбрзиот начин за пренесување на пораките. Токму заради тоа сите земји, организации и други институции масовно ги користат мас медиумите за постигнување на одредени цели. Пропагандата во најголем дел се спроведува преку овие форми на меѓународна комуникација. Заради тоа е потребно активно работење на дипломатските претставници во собирање, средување и документирање на пласираните информации во земјата на приемот за состојбите во делот на: политиката, економијата, безбедноста, културата и други области, и за истото на време да ги проследи информациите до министерството за надворешни работи и другите институции.

- ***Општествени активности во состав на воено – дипломатскиот и дипломатскиот кор***

Општествените активности кои се поврзани со воено – дипломатскиот и дипломатскиот кор, се однесуваат на средби и состаноци кои се строго наменски а се однесуваат за активости на поддршка, помош, соработка со одредени институции во земјата примател а кои се од образовен, здравствен и друг карактер и кои може да овозможат размена и обука на персонал по претходно склучени договори за соработка во одредени области. И оваа активност пред се, се користи за самопромоција за одредени прашања кои се цел на овие општествени активности, истовремено може да се постигнат и други цели кои се во позадина на активностите. На овие средби се остваруваат контакти со колеги од дипломатскиот кор и при таа комуникација се разменуваат мислења, ставови, искуства и се продлабочува комуникацијата и соработката.

- ***Приредби и ручеци кои сами ги организираат***

Секое дипломатско конзуларно претставништво по повод одбележување на одредени настани кои имаат општествено значење за земјата испраќач се поводи за организирање на одредени, приредби, свечености и ручеци за претставниците на дипломатскиот кор. Оваа активност пред се е можност за промоција на државата организатор, нејзината култура, кујна, гостопримство и истовремено служи за промовирање на одредени производи од земјата домаќин, а нуди можност на едно место да се најдат голем број претставници и персонал

во (ДКП), што овозможува комуникација во опуштена атмосфера и средби на незадолжително ниво, од кои многу информации излегуваат на површина.

Активноста на дипломатскиот персонал е пред се да бидат добри домаќини, да го покажат своето гостопримство, да се заблагодарат за укажаната чест со присуството на одредени претставници на дипломатскиот кор но истовремено и да се стекнат со одредени интересни сознанија, размислувања и ставови на претставниците на други земји и институции како и за актуелни настани и проблеми.

- ***Контакти со граѓаните на земјата пријател***

Дипломатскиот персонал кој според извршувањето на работните обврски е обврзан со своето семејство да живее во државата во која е акредитиран, има можности како тој така и неговото семејство да имаат секојдневна комуникација со граѓаните на земјата домаќин. Оваа непосредна комуникација овозможува, да се осознаат секојдневните проблеми со кои се судруваат граѓаните на земјата домаќин, што од внатре ја отсликува општествено политичката клима во државата. Дури и да не сакаат дипломатите во секојдневниот живот, во јавниот живот при одење во: кина, театри, јавни манифестации, при одење на секојдневни набавки, на работа и други непрофесионални активности имаат можност за добивање на определени информации кои понекогаш ја дополнуваат сликата од мозаикот, па многу лесно може да продуцираат и разузнавачки информации.

- ***Контакти со нашите граѓани кои по разни основи престојуваат во земјата примател***

Нашите иселеници или наши граѓани кои имаат привремен престој во земјата домаќин, се основната карика која може на дипломатскиот персонал да им послужи на легален начин да дојдат до одредени информации или сознанија.

Имено нашите граѓани за остварување на правата во матичната земја ја користат комуникацијата преку (ДКП), околу остварување на своите граѓански права, вадење на потребни лични документи и други права кои се предвидени со Устав и законите на Република Македонија. Од неодамна според измените на Изборниот законик им се овозможи на нашите граѓани во странство, да можат да го остварат своето граѓанско право, да гласаат на избори во просториите на (ДКП) кои за тоа се предвидени. Ова е уште една можност повеќе за

зајакнување и подобрување на комуникацијата помеѓу персоналот на (ДКП) и нашите граѓани кои по разни основи престојуваат во земјата примател

- ***Контакти со воено-дипломатските представници на други земји***

За прашања кои се поврзани со воените сили и одбранбената политика, нашите представници имаат можност да стапат во контакт со претставниците на други земји кои ја работат оваа проблематика. Најчесто ваквата комуникација е за претставување на своите вооружени сили, договарање соработка, обезбедување дирекна комуникација, договарање за размена на експерти од разни области, испраќање на старешини и персонал во земјите кои ги застапуваат воено-дипломатските претставници. Во последно време зачестена е соработката во Партнерството за мир и секако во антитерористичките мисии на Блискиот исток за градење и зачувување на мирот, каде што учествуваат и наши војници. Ваквите видови на комуникација овозмужуваат како на дипломатскиот персонал, така и на испратените воени претставници по разни основи да дојдат до одредени сознанија и информации: за борбената готовност, опремата и техниката со која се располага, методологијата на обука, другите ресурси кои стојат на располагање, командувањето, интересите и многу други работи.

- ***Лично набљудување***[85].

Личното набљудување е поединечен процес, кој го остварува секој поединец самостојно, од тоа колку одредено лице е вично во своето работење и располага со одредени знаења, вештини, интелигенција и друго зависат и можностите кои му се пружаат и тоа што може да забележи-регистрира како активност, состојба или информација.. Меѓу најчесто споменуваните ***дипломатски квалитети*** се: *интелигенција, образованост, добро однесување, способност за јасно и уверливо зборување, способност за самоконтрола, способност за владеење сам со себе, најголемо можно трпение и совршен мир и спокојство во сите – многу незгодни – ситуации, потоа воздржаност, дискретен и достоинствен настап, аналитичност, комуникативност, ширина и способност на разбирање на аргументите на соговорникот (што сепак не значи и нивно механичко прифаќање)*[86].

---

[85] Прегледот е подготвен според текст на Милан Карагаќа, **Дипломатија и војна дипломатија**, Зборник предавања са IX Школа реформе сектора безбедности, ISAC Fond International and Security Affairs Centre Centar za medunarodne i bezbednosne poslove, Beograd, 2007, стр.102
[86] Станко Ник, Дипломација –методе и технике, Б.А.Р.Б.А.Т; Згреб, 1997, стр.16

За квалитетите на дипломатскиот персонал пишувале повеќе автори, ние ќе го спомeнеме Миколиќ, кој ги ги претставува *клучните карактеристики* и тоа: смирен темперамент, познавање на странски јазици, познавање на политиката на својата земја и политиката на земјата домаќин, моќ на размислување, широка политичка култура, познавање на општествените проблеми, внимателност и дух на објективност, мудар и воздржан карактер, радознало однесување, здрав и ладен разум, дипломатот треба да знае да слуша, и да премолчи, мора да се служи со умерен речник, не смее да се стреми на разговори од типот на полемики, не смее да има скриени или јавни симпатии ни агресивна антипатија[87]. За карактеристиките на дипломатите пишувале и: Balthasar Gracian (1601-1658) во своето дело Оракулу, Иво Андриќ и други[88].

Во процесот на лично набљудување, одбранбениот дипломат треба да знае да се служи и со потребни знаења и вештини за користење на сите **методи** со кои се служат разузнавачките служби и тоа:

- Тајни методи
- Прикриени методи
- Легални методи
- Неразузнавачки активности[89].

Под ***тајни методи*** се опфатени следниве методи: 1. метод на тајно вградување на професионален припадник на разузнавачките служби (разузнавач) во структурата на објектот на интерес, 2. класичен агентурен метод, 3. тајна употреба на технички средства.

Под ***прикриени методи*** се опфатени: 1. метод на прикриено опсервирање, 2. метод на прикриено анкетирање, 3. метод на прикриено научно истражување

Под ***легални методи*** се опфатени: 1. испитување воени заробеници, 2. испитување дезертери и бегалци, 3. извидувачки активности, 4. прибирање податоци преку псевдодипломатски представници, 5. прибирање податоци преку дипломатски претставници, 6. прибирање податоци преку средствата за

---

[87] Станко Ник, Дипломација –методе и технике, Б.А.Р.Б.А.Т; Згреб, 1997, стр.17, преземено од М. Миколиќ, Дипломатски протокол, Загреб, 1995

[88] Повеќе може да се прочита кај Станко Ник, Дипломација –методе и технике, Б.А.Р.Б.А.Т; Згреб, 1997, стр.16-24

[89] Повеќе може да се види кај Томе Батковски, Разузнавачка и безбедносно- контраразузнавачка тактика (тактика на работа на разузнавачката служба и службата за безбедност и контраразузнавање), Јофи кен, Скопје, 2008

јавно информирање, 7. прибирање податоци преку соработка со други разузнавачки служби.

Под ***неразузнавачки активности*** се опфатени: 1. психолошко – пропагандни дејства, 2. субверзивни дејства, 3. превратнички дејства, 4. специјални опрерации[90].

## 3. Процес низ кој поминуваат собраните информации до предизвикување на одбранбена дипломатска активност

Процес или циклус, асоцира на одредени постапки, фази или составни делови од кои е сочинета една целина на процесот. Притоа вообичаено секој процес има определена почетна точка, која во условите на одбранбената дипломатија е поставената цел од министерството за надворешни работи, од земјата испраќач а понатаму се одвиваат други активности. Имено според Роберто Гонела процесот ги има следниве содржини;

- Цел
- Собирање
- Евалуација
- Подредување
- Анализа
- Препорака и
- Распределба[91].
- Повратна врска (фит-бек)[92].

Според Дојчиновски и Оџаков, процесот ги има следните содржини;

- Улога на мисијата
- Планирање, наредување и насочување
- Собирање на разузнавачки информации

---

[90] За сите методи Повеќе може да се види кај Томе Батковски, Разузнавачка и безбедносно-контраразузнавачка тактика (тактика на работа на разузнавачката служба и службата за безбедност и контраразузнавање), Јофи кен, Скопје, 2008

[91] Roberto Gonella Role of EUROPOL in the fight against Organised Crime, 2005, преземено од Марина Малиш Саздовска, Прирачник за разузнавачки циклус, График Мак Принт, Скопје, 2005, стр.33

[92] Ова е дополнение на содржините според Марина Малиш Саздовска, Прирачник за разузнавачки циклус, Јофи-скен, Скопје, 2005, стр.42

- Обработка и користење
- Создавање на разузнавачки информации
- Доставување и интегрирање
- Повратна информација и проценување на корисноста на истата[93].

Заради полесно разбирање на самиот процес, ќе ги образложиме двата система кои се погоре претставени. Според Роберто Гонела образложенијата се следни;

- ***Цел*** - е однапред дефинирана и добиена од страна на Министерството за надворешни работи, кое во соработка со другите чинители на националната безбедност и нивните задолженија имаат можности за однапред да дефинираат кои се безбедносните интереси на надворешната политика.
- ***Собирање*** – ако собирањето само по себе претставува процес, што погоре беше претставен и се претставени различните можности кои им стојат на располагање на лицата кои работат и се ангажирани во делот за одбранбената дипломатија, тогаш во делот на обуката на дипломатскиот и другиот кадар е поставена и процедурата за (безбедна) дистрибуција на собраните информации и нивното (безбедно) чување.
- ***Евалуација*** – претставува оценување на добиената информација и нејзиното значење потоа поврзување и ставање во одреден контекст за да може да ја добие својата вистинска вредност и значење.
- ***Подредување*** – овој дел е можеби уште позначаен бидејќи може да се одработи по неколку основи, од кој извор се добива, дали може да се провери, дали може да се поврзе со друга информација, дали е потврда на некоја претходно добиена информација, какво е значењето на информацијата итн.
- ***Анализа*** – анализирањето на значењето на одредена информација е фазата во процесот, која предизвикува определена активност (било дипломатска, било разузнавачка или друга безбедносна активност). Значењето на анализата доаѓа до израз кога истото е сторено од искусен и изверзиран аналитичар, за кој вообичаено се вели: "дека си ја знае

[93] Методија Дојчиновски и Фердинанд Оџаков, Разузнавачки операции, Соларис принт, Скопје, 2010, 148

работата”. Аналитичкиот производ или информацијата која излегува од оваа служба, лице или структура е иницијалната railписла која ги покренува другите механизми на безбедносниот систем.

- ***Препорака*** – е најчесто пишуван документ во кој се даваат и препорачуваат одреден постапки заради: потврдување или негирање на добиената информација, преземање на определени безбедносни активности, преземање на одредени дипломатски активности или покренување на одредено ниво на безбедност.
- ***Распределба***[94] - самата распределба или дистрибуција на претходната препорака е важно да биде навремена и точна до оние чинители кои треба и мора да постапат според нејзе, бидејќи секоја ненавременост може да предизвика одредени негативни последици кои би се рефлектирале на безбедносен план или би оневозможиле државниот врв да донесе соодветна одлука за најрационалното решение во даден момент.
- ***Повратна врска (фит-бек)***[95]***,*** - преку оваа содржина се настојува корисникот на информациите да може да изврши проверка дали со активностите е постигната целта и ако не е, што е потребно понатаму да се преземе. Во спротивно кога целта е постигната на овој начин се врши проверка на успешноста на акцијата, како би можело во иднина да се примени како принцип и според аналогија да се примени во слични ситуации.

Секако дека може да постојат уште многу други објаснувања на погоре претставената поделба на фазите низ кои поминуваат собраните информации.

Од друга страна тука е и вториот процес кој е претставен од Дојчиновски и Оџаков. Процесот ги има следните содржини;

- ***Улога на мисијата*** - Кога станува збор за мисијата тогаш треба да се има во предвид дека, мисијата ја определува највисокото раководство на државата и секако на армијата или институциите за кои таа е наменета. Секако дека успехот на определена мисија најмногу зависи од

[94] Roberto Gonella Role of EUROPOL in the fight against Organised Crime, 2005, преземено од Марина Малиш Саздовска, Прирачник за разузнавачки циклус, Графиk Мак Принт, Скопје, 2005, стр.33
[95] Ова е дополнение на содржините според Марина Малиш Саздовска, Прирачник за разузнавачки циклус, Јофи-скен, Скопје, 2005, стр.42

синхронизацијата и координацијата на активностите и улогата на сите чинители.

- ***Планирање, наредување и насочување*** – преку овие три процеса, се настојува да се определат активностите, преку претходно изготвување на план, преку кој би се реализирала следната фаза (собирање и синхронизирање во собирање на информациите, со конкретизирање на потребните сили и средства, вградени во соодветна временска рамка)[96]
- ***Собирање на разузнавачки информации*** – како фаза во разузнавачкиот циклус, е значајно собирањето на податоци и информации, претставува и обезбедување на корисни разузнавачки податоци за противникот и давање на тие информации за натамошна обработка и користење[97].
- ***Обработка и користење*** – обработката на информациите опфаќа, процес на нивно претворање во форма на графики, цртежи, фотографии, видеопроизводи, пишувани материјали, компјутерски записи и друго[98].
- ***Создавање на разузнавачки информации*** – изработката и дизајнирањето на финалните разузнавачки производи претставува процес во кој се интегрираат, проценуваат, анализираат и интерпретираат информациите обезбедени од еден или повеќе извори. Во овој контекст интересна е поделбата на видовите на информациите која ја прават, Дојчиновски и Оџаков: предупредувачки, известувачки, општи, барани (посакувани) информации и научни и технички информации[99].
- ***Доставување и интегрирање*** – ова е најосетливиот дел од целокупниот процес од причина што при дистрибуцијата се можни определени пресретнувања или постои најголема изложеност на опасност од станување на информацијата достапна до лица и институции кои не треба да ја дознаат. Токму заради тоа се користат многу начини на дистрибуција: преку личен контакт, физичко доставување на пишаните материјали, магнетни ленти и дискови, видео ленти, факс пораки, извештаи, компјутерски бази на податоци и др. При секоја од овие

---

[96] Методија Дојчиновски и Фердинанд Оџаков, Разузнавачки операции, Соларис принт, Скопје, 2010, стр. 150
[97] Ibid, str.151
[98] Ibid, str.153
[99] Ibid, str.154

комуникации мора да се води сметка за примена на Законот за безбедност на класифицирани информации[100].

- ***Повратна информација и проценување на корисноста на истата***[101] - Разузнавачкиот процес завршува, со враќање на корисната информација, таму од каде што тргнала. Доколку целта е постигната, тоа е знак дека информацијата била корисна, односно дека разузнавачките елементи работеле исправно. Доколку во текот на продукцијата дојде до застој или нема резултати од оправданата почетна оперативна проценка, треба да значи дека постои сериозен проблем[102].

## 4. Значењето на собраните информации во процесот на донесување на одлуките

Општествениот контекст е тој кој што влијае на значењето на одредени собрани информации. Внатрешната безбедносната состојба, состојбата во регионот и пошироко е таа од која влијае значењето на собраните информации кои се од интерес на безбедноста. Секоја безбедносна информација која има за цел да подобри, промени или елиминира одредена безбедносна закана, или нуди можност за добивање одредена предност во полето на безбедноста. Токму заради ваквата позиција и карактерот на информацијата, особено е значајно таа да биде навремено подредена, анализирана - обработена и дистрибуирана до органите и телата кои ги донесуваат одлуките во одбранбениот систем. Се разбира за безбедноста, точноста, потврденоста и автентичноста на информацијата не смее да стане збор бидејќи грижата за овие сегменти има приоритет, заради тоа што непроверена, непотврдена и неточна информација која е дистрибуирана, може да предизвика во органите и телата кои ги донесуваат одлуките во одбранбениот систем, несогледиви безбедносни импликации. За важноста на собраните информации во процесот на донесувањето на одлуките, особено на пластичен начин зборува Хенрик

---

[100] Ibid, str.154
[101] Ibid, str.148
[102] Ibid, str.155

Сокалски[103], кој го објаснува целокупниот процес од информациите до донесувањето на одлуките и превземањето на превентивна акција. Од друга страна значењето на информациите од безбедносен карактер и донесувањето на одлуките според расположливите безбедносни информации го видовме и осетивме и ние како граѓани на Република Македонија во текот на 2001. Сепак за да може една информација да го добие своето вистинско значење многу е важно да биде: точна, навремена и да предизвика донесување на *правовремена одлука*, за што ќе стане збор во следната глава.

[103] Види повеќе во Хенрик Сокалски, Грам превенција – Македонија и искуството на Обединетите нации во превентивната дипломатија, МИ-АН, Скопје, 2005

# IV ГЛАВА

# ВАЖНОСТА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА СООДВЕТНИ И ПРАВОВРЕМЕНИ ОДЛУКИ ЗА ВОДЕЊЕ НА ОДБРАНБЕНА ДИПЛОМАТИЈА

## 1. Важноста на донесување на правовремени одлуки

Општо земено правовременоста во секоја област води кон користење на определени бенефити. Во зависност од областа таа доведува до на пример: подобро здравје, заштита на животот и имотот, зголемена безбедност, ширење на чувство за сигурност, заштеда на пари, чување на опремата и техниката, продолжување на векот на експлоатација итн. Оттука и во делот на одбранбената политика, многу е значајно донесувањето на правовремени одлуки во нејзиното водење, што од друга страна е поврзано со располагање на определени информации. Имено, во одбранбената политика и заштитата на армиската структура и ресурсите, многу е значајно навременото располагање со потребните информации за безбедноста и загрозеноста на своите припадници кои учествуваат во мировните мисии.

Друга работа  се, регионалните и меѓународните прилики од безбедносен карактер, што ќе овозможи одбранбената дипломатија да биде насочена во точно определени правци и цели, како би можело да резултира со правовремено превземање на одредени заштитни мерки и активности. Од страна на одбранбената дипломатија преку навремените одлуки може да се овозможи потребната комуникација, соработка, координација и ангажирање на планот на правовремено активирање на нашите меѓународни партнери во безбедноста, како би се спречиле одредени безбедносни закани. Ова се овозможува преку: "поднесувањето на извештаите а во исто време е една од компонентите на слободата на општење или комуницирање, која во меѓународното право е обезбедена како посебно право на дипломатските и конзуларните претставници, и е дел од содржините во системот на нивните привилегии и имунитет". Барањето за навремено известување е од огромно значење за да може

политичките одлуки да бидат правовремени и успешни[104]. Превенирањето на состојбите, најдобрите резултати на полето на безбедноста ги дава преку: заеднички обуки на персоналот во одбраната, заеднички вежбовни активности, конференции, семинари, заеднички настапи во мировни мисии, здружени командни активности и ред други активности. Ако одбранбената дипломатија се грижи за безбедноста и одбраната на Република Македонија, меѓународната соработка на полето на одбраната и нејзиниот развој тогаш можеме да извлечеме и еден логичен заклучок дека: *"донесувањето на правовремените одлуки од страна на безбедносниот систем на државата и неговите чинители е во директна корелација со активностите на одбранбената дипломатија"*.

Овде потенциравме и споменавме многу учесници во целиот процес на правовременост или навременост па заради тоа во следниве поглавја доаѓа до нивното расчленување и објаснување.

## 2. Процесот на донесување и спроведување на одлуки кои се однесуваат на надворешната политика и безбедност на државата

За да можеме да зборуваме за донесувањето на одлуките и нивното спроведување, како дел од надворешната политика и безбедноста на државата, на почетокот е потребно да ги претставиме целите и приоритетите на Министерството за надворешни работи на Република Македонија, кои се и цели на Република Македонија воопшто. Заради директно претставување на целите и приоритетите, ќе биде искористена рамката која е поставена на веб страната на Министерството за надворешни работи, каде се вели: "**цели и приоритети**. Министерството за надворешни работи на Република Македонија континуирано работи на исполнување на највисоките приоритети во надворешната политика на државата, како што се полноправно членство во НАТО и добивањето и започнувањето преговори за членство во Европската Унија. Се вложуваат напори за промоција на македонските економски интереси и за привлекување на странски инвестиции во земјата, што се во согласност со стремежите на Владата на Република Македонија за обезбедување повисок стандард и благосостојба на

[104] Предвидено во Виенската конвенција за дипломатски односи, чл.27 т.1, 18.април 1961, а преземено од Милоје Здравковиќ, Војнообавештајна агенција – Функције војне дипломатије,стр.11, www.voa.mod.gov.rs/sr/publikacije/funkcije-vojne-diplomatije

сите граѓани. За таа цел, се превземаат активности за зајакнување на позициите на Република Македонија во меѓународната заедница преку развивање на билатералните односи, добрососедски односи, регионалната соработка и соработка во мултилатералните организации. Министерството за надворешни работи на Република Македонија е посветено на континуирана изградба и обука на дипломатски кадар, и на подобрување на техничките услови за функционирање на Министерството и на дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија, како неопходни предуслови за успешно постигнување на планираните цели, како што се натамошно унапредување на процесот на давање конзуларни услуги за македонските и странските државјани, унапредување на статусот на македонските национални и јазички малцинства во светот и грижа за дијаспората. Полноправното членство на Република Македонија во НАТО и во Европската унија, како и развој и унапредување на добрососедските односи и регионалната соработка, претставуваат стратегиски и долгорочни цели на надворешната политика на Република Македонија[105]." Во Република Македонија, Министерството за надворешни работи е институцијата која се грижи за спроведување на надворешната политика и се грижи за безбедноста на државата од надвор, како и за нејзиното промовирање во другите држави. Секако кога зборуваме за процесот на донесување на одлуките кои се од важност за надворешната политика и безбедноста, потребно е да поминат повеќе нивоа а конечната примена ја добиваат според насоките кои ги издава Министерството за надворешни работи и преку активностите на Министерот за надворешни работи. Во овој контекст ќе ги претставиме субјектите кои се активно вклучени во остварување на системот за национална безбедност на Република Македонија:

- Претседателот на Република Македонија;
- Собранието на Република Македонија;
- Владата на Република Македонија;
- Советот за национална безбедност;

---

105 http://www.mfa.gov.mk/index.php/mk/nadvoresna-politika/celi-i-prioriteti

- Министерството за внатрешни работи (управата за безбедност и контраразузнавање),
- Агенцијата за разузнавање,
- Министерството за одбрана (Воената служба за безбедност и разузнавање),
- Министерството за надворешни работи,
- Министерството за финансии, Министерството за правда и другите министерства,
- Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации,
- Национален координативен центар за интегрирано гранично управување,
- Центарот за управување со кризи,
- Дирекцијата за заштита и спасување и други субјекти[106].

Процесот на донесување на соодветни одлуки на сите овие институции и тела е дирекно зависен од надлежностите кои им се дадени во Устав и законите на Република Македонија[107]. Од друга страна надворешната политика е планска активност која се спроведува според определен Стратешки план, кој што се изготвува во Министерството за надворешни работи, за две години однапред. Па така во моментов може да се сретнат истовремено и **Стратешки план од 2013-2015 и Стратешки план од 2014-2016.** Надворешната политика е политика која се води според законски регулирани норми а тоа е Закон за надворешни работи[108], каде се определени целите, задачите и приоритетите и се имплементирани одлуките од меѓународните конвенции кои ги има потпишано Република Македонија. Следниот документ кој ги дава основите за одбранбената дипломатија и нејзиното функционирање е, **Стратегијата за одбранбена дипломатија од 2012,** каде се поставени и предвидени условите и параметрите за функционирање на одбранбената дипломатија на Република Македонија. Што се однесува до самиот процес на донесување на одлуките кај нас поставеноста е следната: сите одлуки кои се од интерес за националната безбедност и националните интереси мора да бидат донесени и усвоени во

[106] Митко Котовчевски, Национална безбедност, Филозофски факултет – Скопје, Скопје, 2011, стр.128
[107] Устав на Република Македонија, Службен весник на Република Македонија бр.52/1991
[108] Закон за надворешни работи, Службен весник на Република Македонија бр. 46/2006, 107/2008 и 26/2013.

Собранието на Република Македонија со 2/3 условно мнозинство по Бадентеровиот принцип со 2/3 мнозинство од малцинските заедници. Спроведувањето на одлуките е во надлежност на институциите и ресорите за кои се однесуваат. Само во определени случаи на вонредна и воена состојба одлуките се донесуваат според други принципи.

## 3. Активности на дипломатијата во одбранбениот механизам на системот на националната безбедност на Република Македонија

Општо дипломатијата е факторот кој што ја покренува и придобива довербата, поддршката и помошта од странските народи, со што се олеснува водењето на надворешната политика на земјата испраќач на дипломатите.

Имено станува збор за следното: дипломатите воопшто во времето на својот престој остваруваат најразлични контакти со официјални претставници на земјата домаќин и други акредитирани лица во таа земја, контакти со разни институции, организации, контакти со сопствената дијаспора и други лица од секојдневниот живот. Токму овие видови на комуникација на дипломатијата и овозможуваат самопромоција и промоција на вредностите и политиките на сопствената држава, а истовремено го градат системот на стекнување на доверба и овозможуваат уште попродлабочена идна соработка. Истовремено тие се поддршка во секој поглед на надворешните политики на Владата, во однос на продор на стопанските субјекти на тамошните пазари и промоција на сопствените производства, изнаоѓање на нови пазари, нови партнери и инвеститори и на многу дуги полиња а посебно на полето на одбраната и безбедноста. ***Полето одбрана и безбедност, е особено значајно за мирот и безбедноста кои се неопходни за развој, а се темелат на активностите на дипломатијата која ги промовира: внатрешните и надворешните безбедносни интереси на РМ, воспоставува соработка помеѓу сопствените одбранбени сили и силите на земјата домаќин и трети земји, организира средби, посети, договара соработка, обуки, заеднички настапи и многу други активности на планот на одбранбената дипломатска активност. Сите овие мерки и активности се насочени кон зајакнување на системот за национална безбедност но истовремено придонесуваат и кон развој на***

***сопствените безбедносни сили на ниво кое е потребно за заштита на безбедносните интереси на државата.***

## 4. Потребни ресурси за извршување на дипломатските активности

Структурната поставеност на македонската дипломатска мрежа, е само еден дел од мозаикот, кој е потребно да биде дополнет со многу други елементи-ресурси за успешно функционирање. Во делот на ресурсите би ги споменале четирите големи групи: човечки, образовни, техничко – технолошки и финансиски.

Овде следи објаснување на потребните ресурси:

- **Човечки ресурси**: располагање со доволен број извршители, да се стручни за определени области, да поседуваат определени знаења, вештини, да ги имаат карактеристиките на еден дипломат кои ги споменавме на почетокот, да имаат соодветно образование, да зборуваат барем два странски јазика (едниот да е од говорното подрачје на земјата примател), да умеат да се служат со определени техничко- технолошки помагала, да знаат себе лично, имотот, опремата и документите да ги заштитат во склад со начелото на тајност или конспиративност и чување, складирање и дистрибуција на класифицирани информации и многу други работи.
- **Образовните ресурси**: во делот на образованието основно е поседување на диплома од високообразовна институција од класичното образование, кое ќе биде надградено со дополнително образование за дипломатското работење, познавање и користење на странски јазици, дипломатско право, обука од делот на работењето на безбедносните служби, обука од делот на заштитата на информациите, обука за користење на специјални техничко – технолошки апарати и друга техника, обука за криптозаштита, обука за деловно комуницирање, обука за убаво однесување, обука за преговарање, обука за развивање на менаџерски способности, обука за запознавање со структурата и функциите и задачите на безбедносните структури на Република Македонија и многу други вештини.

- **Техничко-технолошки ресурси**: се ресурсите кои на дипломатската фела ќе им овозможат брза и непосредна комуникација со сопствената држава и со раководните структури во истата, техника и опрема која им е неопходна за секојдневното работење, техника и опрема за безбедно собирање, документирање и дистрибуција со информации од безбедносен карактер, возила и соодветен возен парк за овозможување на брзо преместување и извршување на поставените задачи, систем за безбедност на објектите и опремата во кои се сместени и работат дипломатско конзуларните претставници и др.
- **Финансиски ресурси**: треба да бидат доволни за нормално функционирање на Дипломатско конзуларни претставништва (ДКП), да обезбедат соодветни услови за работа и организирање на состаноци, конференции, трибини, посети и многу други активности за секојдневното работење.

## 5. Стручност, професионалност, искуство и другите карактеристики на дипломатот во постигнување на поставената цел

. Овде повторно ќе стане збор за дипломатските карактеристики кои беа претставени во; **III Глава, во точката 2. Процесите на прибирање на информации.**

Дипломатските карактеристики кои ги споменуваат различни автори се: интелигенција, образованост, добро однесување, способност за јасно и уверливо зборување, способност за самоконтрола, способност за владеење сам со себе, најголемо можно трпение и совршен мир и спокојство во сите – многу незгодни – ситуации, потоа воздржаност, дискретен и достоинствен настап, аналитичност, комуникативност, ширина и способност на разбирање на аргументите на соговорникот (што сепак не значи и нивно механичко прифаќање)[109].

За квалитетите на дипломатскиот персонал пишувале повеќе автори, ние ќе го споменеме Миколиќ, кој ги претставува *клучните карактеристики* и тоа: смирен темперамент, познавање на странски јазици, познавање на политиката

---

[109] Станко Ник, Дипломација –методе и технике, Б.А.Р.Б.А.Т; Згреб, 1997, стр.16

на својата земја и политиката на земјата домаќин, моќ на размислување, широка политичка култура, познавање на општествените проблеми, внимателност и дух на објективност, мудар и воздржан карактер, љубопитно однесување, здрав и ладен разум, дипломатот треба да знае да слуша, и да премолчи, мора да се служи со умерен речник, не смее да се стреми на разговори од типот на полемики, не смее да има скриени или јавни симпатии ни агресивна антипатија[110]. За карактеристиките на дипломатите пишувале и: Balthasar Gracian (1601-1658) во своето дело Оракулу, Иво Андриќ и други[111].

Бидејќи имаме два основни примера на дипломатски карактеристики, ќе се обидеме да направиме еден сублимат, преку кој ќе бидат претставени оние заеднички карактеристики кои се претставени кај овие автори и оние карактеристики кои се поединечни.

Преглед на конкретните дипломатски карактеристики:

- **интелигенција** - кога се зборува за интелигенцијата, неопходно е лицата кои ќе ја обавуваат дипломатската функција да поседуваат високо ниво на интелигенција како би можеле брзо и соодветно да расудуваат и донесат правовремени и вистински одлуки,

- **образованост** - во една од погорните точки зборувавме малку повеќе за образованието, кое е неопходно бидејќи во секојдневната комуникација овие лица се среќаваат и комуницираат со категории на граѓани кои поседуваат разни видови на образование, заради што е потребно и поголема ширина на образование на дипломатскиот кадар,

- **добро однесување** - однесувањето е она што прво се гледа кај одредено лице, доколку при однесувањето се прави она што не треба, или се прави одредена работа на несоодветен, непристоен или иритирачки начин, тогаш тоа предизвикува негативно внимание и одбивност кај присутните, што се разбира не е добро за еден дипломат,

- **способност за јасно и уверливо зборување** - јасното и уверливо зборување се вештини кои се стекнуваат и се развиваат, од аспект на разбирањето од страна на соговорниците од другата страна тоа е значајно да се увери соговорникот за

---

[110] Станко Ник, Дипломација –методе и технике, Б.А.Р.Б.А.Т; Згреб, 1997, стр.17, преземено од М. Миколиќ, Дипломатски протокол, Загреб, 1995

[111] Повеќе може да се прочита кај Станко Ник, Дипломација –методе и технике, Б.А.Р.Б.А.Т; Згреб, 1997, стр.16-24

она што му се објаснува дека тоа е така, се разбира со приложување на одредени аргументи кои е потребно да се поседуваат,

- **способност за самоконтрола** - како карактеристика е особено значаен од повеќе причини: на одредени средби доаѓаат претставници на држави, новинари и други лица кои се стремат да го нарушат интегритетот на одредена држава, на конкретно лице или на некое негово однесување, токму заради ова од дипломатот се бара да биде владетел над своето однесување, и да поседува високо ниво на самоконтрола,
- **способност за владеење сам со себе** - ова е исто како и претходното
- **најголемо можно трпение и совршен мир и спокојство во сите – многу незгодни – ситуации** - владеењето и сопствениот мир, самоконтролата и спокојството, се карактеристики кои се неопходни да се поседуваат и во ситуации кога: дипломатот е провоциран, напаѓан вербално, има сопствени проблеми од семеен или друг карактер кои не се за јавноста и не смее да ги почувствуваат присутните, дури и во ситуации кога изгубил некој близок од семејството дипломатот мора да се однесува според пропишаните протоколи,
- **воздржаност** - постојат одредени ситуации пред се провокативни на кои е подобро да се покаже воздржаност или да се изброи до 10, отколку да се изреагира бурно на одредена провокација,
- **дискретен и достоинствен настап** - покажувањето на дискретноста и достоинството е од особена важност за одреден настап во секоја пригода на персоналот од ДКП, и преку него се гради мислењето на странците за себе и за државата која ја претставува,
- **аналитичност** - во делот на интелигенцијата, ова е еден поврзувачки елемент каде што е потребно брзо и аналитички да се пристапи до секоја комуникација, информација, однесување, за да може да се предвиди или утврди зошто е тоа така и што може да предизвика едно такво однесување или информација,
- **комуникативност** - е неопходна вештина за секој дипломатски претставник која мора да ја поседува, за да може да ги примени поголем дел од другите карактеристики,
- **ширина и способност на разбирање на аргументите на соговорникот (што сепак не значи и нивно механичко прифаќање)**[112] – самото разбирање е

[112] Станко Ник, Дипломација –методе и технике, Б.А.Р.Б.А.Т; Згреб, 1997, стр.16

процес кој што е поврзан со многу други потребни и претходно стекнати сознанија, за да може успешно да бидат сватени аргументите на соговорникот. Ова е особено значајно за дипломатот бидејќи тој не смее да се ограничи само на одредено специфично знаење, туку мора да има широки познавања од разчлични области, и да ги следи сите јавни процеси за да може да биде добар соговорник, добар слушател и да е навремено информиран за настаните кои се случуваат,

- **смирен темперамент** - за смиреноста и самоконтролата зборувавме погоре, овде ќе кажеме дека е потребно контролирање на темпераментот во границите на дозволеното и пропишаното однесување без никакви испади или недолични однесувања,

- **познавање на странски јазици** - за да може да се оствари нормална комуникација со лицата кои присуствуваат на одредени средби или настани, со граѓаните на земјата домаќин и многу други лица, неопходно е потребно дипломатскиот претставник одлично да владее барем два странски јазика и тоа едниот е англискиот кој што го практицираат најголем број на жители на планетата и уште еден кој е од друго говорно подрачје (германски, француски, шпански, кинески, руски и др.) во зависност од подрачјето каде е поставен да ја извршува должноста но истовремено е потребно да се стекне и со соодветни основни познавања на јазикот и писмото на земјата домаќин,

- **познавање на политиката на својата земја и политиката на земјата домаќин** - познавањето на политиките на сопствената и на земјата домаќин на дипломатскиот претставник ќе му овозможи полесна комуникација со претставниците на земјата домаќин, а истовремено не му дозволува да направи некоја непромислена грешка или некоја изјава која знае дека ќе може да биде сватена како провокација за одредено прашање,

- **моќ на размислување** - мисловниот процес на еден дипломат мора да биде брз и соодветен, бидејќи постојат ситуации во кои нема време за размислување а одговорот мора да биде даден сега и веднаш,

- **широка политичка култура** - политичката култура се стекнува преку секојдневната надградба, што значи дека, иако дипломатот е на еден крај од светот мора да ги следи процесите во целиот свет за да биде добар соговорник

со кого би сакале да водат разговор многу од присутните лица на официјалните и неофицијалните средби,

- **познавање на општествените проблеми** - сликата за општествените проблеми се менува секојдневно во зависност од потребите, предизвиците, општествените процеси и од многу други фактори, тоа е провокација за дипломатот да ги следи и да може колку толку да предвиди нивни идни дејствија, како би можел навремено да воспостави потребна комуникација и да биде информиран и запознаен со состојбите,
- **внимателност и дух на објективност** - покажувањето на сопствената внимателност и објектувност, предизвикува чувство на сигурност кај секој соговорник, и заради тоа овие две вештини или карактеристики е потребно понекогаш и да се покажат и потенцираат во одредени ситуации,
- **мудар и воздржан карактер** - мудроста на еден дипломат е многу блиска со воздржаноста и самоконтролата, а се огледа во тоа што ќе покаже дека е добар слушател, ќе се воздржи од несоодветен коментар и секако елегантно ќе одговори без да даде конкретен одговор и ќе си овозможи успешно одбегнување на одговор на некои провокативни прашања,
- **радознало однесување** - ова е однесување во кое се труди да дојде до одредена информација или сознание преку почитување и слушање на соговорникот, без притоа да му даде на знаење дека е особено заинтересиран за коментираната тема, но може од време на време да му постави понекое прашање како наводно не бил разбран одреден дел од темата, за да ја наврати дискусијата на темата од негов интерес,
- **здрав и ладен разум** - здраворазумните одлуки се добро осмислени и се согледани најголем број на влијанија кои може да предизвикаат некакви ефекти, затоа е потребно смирена глава и здраворазумно размислување за да може да се донесе најдобрата одлука, и да се даде потребниот коментар,
- **дипломатот треба да знае да слуша** - не само дипломатот, туку секој граѓанин е добро да знае да слуша, ова е особено значајно за дипломатот, но треба да знае дека не смее да го прекинува соговорникот затоа што, само така ќе дознае тоа што му лежи на душата на соговорникот и може несакајќи да искаже и работи кои не се за кажување, добриот слушател секогаш добива многу повеќе и е повеќе ценет од оној кој се уфрла во зборување и е некултурен, добриот

слушател е почитуван и има поголеми можности во друштвото, каде стекнал доверба,

- **да премолчи** - во дадени ситуации е многу подобро дипломатот да знае да премолчи и да се насмее "притоа да голтни некоја кнедла", отколку бурно да изреагира или даде несоодветен одговор, а за сопственото молчење придобивките ќе ги почувствува подоцна,

- **мора да се служи со умерен речник** - дипломатскиот представник мора да се служи со одредена терминологија, која е соодветна и неопходна, а не со зборови, изрази и фрази кои се недозволиви за тие кругови,

- **не смее да се стреми на разговори од типот на полемики** - водењето на полемики воопшто не е дозволиво за еден дипломатски претставник, со ниту еден соговорник, во вакви ситуации е подобро да дојде до израз било која карактеристика на смиреност, мудрост, воздржаност и слично,

- **не смее да има скриени или јавни симпатии ни агресивна антипатија**[113]- постојат моменти кога одредено однесување, изјава или состојба изнудуваат одредена симпатија или антипатија, но во никој случај дипломатот тоа не смее јавно да го искаже или покаже, бидејќи може да предизвика негативна реакција дури и кај оние најсилните поддржувачи и пријатели.

Секако дека овие наброени карактеристики се многубројни, но и недоволни за да може во целост да се опише комплетната личност на еден дипломат, кој што во текот на својот искуствен процес се стекнал со уште многу други знаења и вештини, кои потпаѓаат во една или во друга група карактеристики а овде и не биле споменати.

---

[113] Станко Ник, Дипломација –методе и технике, Б.А.Р.Б.А.Т; Згреб, 1997, стр.17, преземено од М. Миколиќ, Дипломатски протокол, Загреб, 1995

# V ГЛАВА

# УЛОГАТА И ЗАДАЧИТЕ НА ОДДЕЛНИТЕ СУБЈЕКТИ ВО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОДБРАНБЕНАТА ДИПЛОМАТИЈА

## 1. Субјекти во спроведување на одбранбената дипломатија

Кога станува збор за одбранбената политика, потребно е поврзување на истата со делот за надворешни работи и надворешна политика, што е дел од системот на државата. Терминолошкото појаснување на овие два поими го пронаоѓаме кај Нацев и Петрески, каде што:

**Надворешни работи** се однесува на:

- Дејствија што ги вршат надлежните органи на државната власт и органите на државната управа во остварувањето и заштитата на правата и интересите на Република Македонија во меѓународните односи со државите, меѓународните органи, организации и заедници,
- Дипломатските дејствија за зачувување и заштита на безбедноста, на суверенитетот и на територијалниот интегритет на Република Македонија во системот на меѓународните односи,
- Дејствијата на надлежните органи во заштита на правата и на интересите на државјаните и на правните лица на Република Македонија, пред сите надлежни странски субјекти,
- Дејствија на надлежните органи во воспоставувањето, одржувањето, унапредувањето, суспендирањето и прекинувањето на односите со државите и меѓународните организации и заедници,
- Овластувањата и обврските на надлежните органи во преговарањето, склучувањето, суспендирањето или раскинувањето на меѓународните договори,
- Овластувањата и обврските на надлежните органи во преговарањето, пристапувањето и истапувањето на Република Македонија во или од меѓународните организации и заедници,

- Другите дејствија на надлежните органи на Република Македонија надвор од границите на земјата, што се утврдени со закон или со меѓународни договори што ги обврзуваат Република Македонија, нејзините државјани и правните лица регистрирани во Република Македонија[114].

Значењето на овие поими во овој контекст е многу големо, затоа што одбранбената дипломатија според своите задачи и функции, многу од нив ги извршува или учествува во нивната реализација. Токму заради тоа го даваме и поимното определување на **надворешна политика**, што се однесува на политичките цели и активности за односите на Република Македонија со државите и со меѓународните органи, организации и заедници, со кои се остваруваат интересите на Република Македонија во меѓународните односи и се штитат интересите на нејзините државјани и на правните лица регистрирани од неа, а особено:

- Зачувување, потврдување и унапредување на основните интереси на Република Македонија;
- Зачувување на суверенитет, самостојноста и територијалниот интегритет на Република Македонија и на нејзиниот уставен поредок;
- Почитувањето и унапредувањето на темелните вредности на Уставот на Република Македонија;
- Споделување на вредности, интереси и волја за здружување врз основа на рамноправен договор и во согласност со Уставот;
- Зајакнување на демократијата и на владеењето на правото во целиот свет, засновано на човековите права и слободи и низ нивна примена и почитување во меѓународното право;
- Зачувување на мирот во светот, спречување на конфликтите и зајакнување на меѓународната безбедност, во согласност со начелата содржани во Повелбата на ОН, како и со принципите на Завршниот документ од Хелсинки и со целите на Повелбата од Париз, вклучително и оние за надворешните граници;

[114] Преземено од Зоран Нацев, Тони Петрески, Стратегиски проекции на република Македонија во надворешната и безбедносната политика, ЕВРОПА 92 – Кочани, 2013, стр. 122 исто и од Закон за надворешни работи, Службен весник на РМ, бр. 46/2006, 107/2008 и 26/2013, чл.2

- Развивањето и унапредувањето на односите и соработката на Република Македонија со соседите и со сите држави, билатерално и мултилатерално, во регионалните и глобалните организации[115].

Ваквата поставеност на надворешната политика, бара и соодветни извршители кои според своите надлежности се обврзани за нејзиното спроведување. Во Република Македонија, според своите Уставни и Законски надлежности постојат следните институции:

- Претседател на Република Македонија,
- Собранието на Република Македонија,
- Влада на Република Македонија,
- Министерството за надворешни работи и
- Министерот за надворешни работи.

Покрај овие органи своја споредна улога имаат и:

- органите на државната управа и
- единиците на локалната самоуправа[116]

Токму затоа за погоре споменатите институции, овде ќе бидат претставени нивните Уставни и Законски надлежности, како би можело суштински да се разберат нивните активности.

***Претседател на Република Македонија***

Председателот на Република Македонија, во вршењето на надлежностите има обврски во одбранбената политика, бидејќи е Врховен командант на Армијата на Република Македонија, истовремено има надлежности и во надворешната политика, кои се предвидени во *Закон за надворешни работи* во членот 5 каде што се вели:

- ја претставува државата во меѓународните односи, согласно со меѓународното право и неговите надлежности,
- учествува во креирањето на надворешната политика во соработка со Владата, преку утврдување на општите насоки на надворешната

[115] Преземено од Зоран Нацев, Тони Петрески, Стратегиски проекции на република Македонија во надворешната и безбедносната политика, ЕВРОПА 92 – Кочани, 2013, стр. 123 исто и од Закон за надворешни работи, Службен весник на РМ, бр. 46/2006, 107/2008 и 26/2013, чл.2

[116] Преземено од Зоран Нацев, Тони Петрески, Стратегиски проекции на република Македонија во надворешната и безбедносната политика, ЕВРОПА 92 – Кочани, 2013, стр. 124 исто и од Закон за надворешни работи, Службен весник на РМ, бр. 46/2006, 107/2008 и 26/2013, чл.4

политика, вклучувајќи ги и прашањата од меѓународните односи со импликации врз безбедноста и одбраната на земјата,

- го следи спроведувањето на надворешната политика и за резултатите и евентуалните несогласувања со другите органи за вршење на надворешните работи, може да го извести Собранието,
- дава предлози и учествува во заземањето на ставови за одредени надворешно - политички прашања од неговата надлежност, вклучувајќи ги и безбедносните и одбранбените аспекти кои произлегуваат од меѓународните односи,
- поставува и отповикува со указ амбасадори и пратеници на Република Македонија во странство, во постапка утврдена со закон,
- дава согласност за издавање на аграмен на шеф на странско дипломатско претставништво и
- ги прима акредитивните и отповиковните писма на странските дипломатски претставници, во постапка утврдена со овој закон[117].

Во делот на надворешната политика следна институција која е опфатена е Надлежности на **Собранието на Република Македонија** се:

- ја утврдува надворешната политика на Република Македонија, вклучувајќи ги и прашањата од меѓународните односи со импликации врз безбедноста и одбраната на земјата,
- на сопствено барање или на барање на Владата, разгледува извештаи за остварување на надворешната политика и за меѓународната положба на Република Македонија, вклучувајќи ги безбедносните и одбранбените прашања на меѓународен план,
- зазема ставови по одредено прашање, на предлог на Владата, вклучително и по оние надворешно – политички прашања поврзани со безбедноста и одбраната,
- при различни ставови за прашања од областа на надворешните работи, на предлог на Министерството, во име на Владата или на предлог на председателот, Собранието расправа за тие прашања, по што донесува соодветни заклучоци,

[117] Закон за надворешни работи, Службен весник на РМ, бр. 46/2006, 107/2008 и 26/2013, чл.5, повеќе може да се најде кај, Зоран Нацев, Тони Петрески, Стратегиски проекции на република Македонија во надворешната и безбедносната политика, ЕВРОПА 92 – Кочани, 2013, стр. 124

- работно тело на Собранието надлежно за надворешната политика најмалку двапати годишно разгледува извештај на министерот за спроведување на надворешната политика и
- остварува меѓународна соработка во рамките на своите надлежности[118].

Надлежности во водењето на надворешната политика на **Владата на Република Македонија** се следни:

- учествува во креирање на надворешната политика преку утврдување на општи насоки за надворешната политика во соработка со претседателот, вклучувајќи ги прашањата од меѓународните односи со импликации врз безбедноса и одбраната на земјата,
- го известува Собранието за прашања од областа на надворешната политика и меѓународните односи,
- на барање на Собранието, поднесува извештај за остварување на надворешната политика и за меѓународната положба на Република Македонија, вклучувајќи ги безбедносните и одбранбените прашања на меѓународен план,
- го следи спроведувањето на надворешната политика, а за резултатите и евентуалните несогласувања со другите органи за вршење на надворешните работи може да го извести Собранието,
- му доставува на председателот мислења и предлози за меѓународни прашања,
- ги воспоставува, развива и унапредува политичките, економските или финансиските односи со една или повеќе држави, или меѓународни организации,
- одлучува за визниот режим на Република Македонија, со други држави и субјекти во меѓународните односи,
- одлучува за прекин или намалување, делумно или целосно, на политичките, економските или финансиските односи со една или повеќе држави, или меѓународни владини или невладини организации и за тоа го информира Собранието,

---

[118] Закон за надворешни работи, Службен весник на РМ, бр. 46/2006, 107/2008 и 26/2013, чл.6, повеќе може да се најде кај, Зоран Нацев, Тони Петрески, Стратегиски проекции на република Македонија во надворешната и безбедносната политика, ЕВРОПА 92 – Кочани, 2013, стр. 128

- предлага поставување и именување и отповикување амбасадори и пратеници на Република Македонија и именува и отповикува шефови на конзуларни претставништва и на почесни конзулати на Република Македонија во странство,
- издава агреман или егзекватура за шефови на странски дипломатско – конзуларни претставништва и на странски почесни конзулати,
- одлучува за отварање на дипломатско – конзуларни и други претставништва на Република Македонија и за отварање на странски дипломатско – конзуларни претставништва или претставништва на меѓународни организации во Република Македонија, во постапка утврдена со овој закон,
- одлучува за учество на Република Македонија во Заедничката надворешна безбедносна политика и Европската безбедносна и одбранбена политика на Европската унија,
- обезбедува средства во рамките на Буџетот за надоместување на трошоците за членарини и други расходи што произлегуваат од членството и од учеството на Република Македонија во меѓународните владини организации,
- редовно ги следи и оценува меѓународните односи, кои имаат импликации врз безбедноста и одбраната и за тоа ги информира претседателот и Собранието и
- обезбедува хуманитарни операции во кои учествува Република Македонија да бидат координирани со оние на меѓународните организации[119].

**Министерството за надворешни работи**, ги има следните надлежности:

- ја претставува и афирмира Република Македонија и ги развива и координира билатералните и мултирателарните односи и соработка со други држави и меѓународни организации,
- ја спроведува надворешната политика,
- обезбедува координација меѓу органите надлежни за вршење на надворешните работи во вршењето на надворешните работи,

[119] Закон за надворешни работи, Службен весник на РМ, бр. 46/2006, 107/2008 и 26/2013, чл.7, повеќе може да се најде кај, Зоран Нацев, Тони Петрески, Стратегиски проекции на република Македонија во надворешната и безбедносната политика, ЕВРОПА 92 – Кочани, 2013, стр. 128

- води постапка за воспоставување и прекинување на дипломатските и конзуларните односи со други држави, како и постапката за зачленување и воспоставување на односи со меѓународни организации,
- ги заштитува интересите, правата и имотот на државата и на нејзините државјани и правни лица во странство,
- ги презема активностите поврзани со спроведување на одлуките на Советот за безбедност на Обединетите нации во поглед на рестриктивните мерки, усвоени согласно со одредбите на Поглавјето VII на Повелбата на ОН,
- го координира учеството на Република Македонија во Заедничката надворешна и безбедносна политика и Европската безбедносна и одбранбена политика на Европската унија,
- обезбедува координација на надворешно – политичките аспекти на Република Македонија во мисиите и операциите за одржување на меѓународниот мир и безбедност,
- го следи развојот на меѓународните економски односи и предлага соодветни одлуки до надлежните органи,
- се грижи за положбата и правата на припадниците на македонскиот народ во соседството,
- се грижи за положбата на човековите права на припадниците на заедниците, државјани на Република Македонија во странство,
- се грижи за положбата на човековите права на државјаните на Република Македонија кои привремено или постојано престојуваат во странство, како и за иселениците,
- ги организира и раководи со дипломатско – конзуларните и другите претставништва на Република Македонија и го организира системот на врски со нив,
- учествува во склучувањето, подготвувањето за ратификација и чувањето на меѓународните договори кон кои пристапила Република Македонија,
- го следи и придонесува за развојот на меѓународните односи и на меѓународното право,
- ја определува и обележува државната граница, ги одржува и обновува граничните белези и учествува во решавањето на граничните инциденти,

- ги предлага и спроведува визната политика и визниот режим на Република Македонија,
- раководи со Визниот центар и со визниот информациски систем со кој се обезбедува поврзаност на сите сегменти во процесот на спроведување на визниот режим на Република Македонија,
- комуницира и ја координира соработката со странските дипломатско-конзуларни претставништва и со мисиите на меѓународните организации во Република Македонија,
- ги води протоколарната постапка за акредитација и постапката по акредитивните писма на странските амбасадори, протоколарната постапка за признавање на привилегии и имунитети на странските дипломатски претставништва, почесните конзулати и на претставништвата на меѓународните организации, во согласност со меѓународното право,
- ја предлага, подготвува и ја води протоколарната постапка за именување и отповикување на шефовите на дипломатско – конзуларните претставништва и почесните конзулати на Република Македонија,
- ја води постапката за изнајмување, купување, изградба и одржувањена недвижности во други држави за потребите на дипломатско – конзуларните претставништва на Република Македонија,
- ја собира и чува домашната и странската документација од обласна на надворешната политика и меѓународните односи на Република Македонија во Дипломатската архива на Министерството,
- го известува претседателот за најзначајните прашања во остварувањето на надворешната политика на државата и дава мислења и предлози во врска со надворешно – политичките прашања од негова надлежност, вклучувајќи ги и безбедносните и одбранбените аспекти кои произлегуваа од меѓународните односи,
- учествува во подготовката и примената на актите и иницијативите на претседателот, согласно надлежностите на Министерството,
- остварува соработка со здруженија на граѓани и со научни и стручни институции,

- го координира спроведувањето на политичките ставови за учеството во операции за одржување на меѓународниот мир и безбедност, во соработка со надлежните министерства и
- врши други работи определени со закон[120].

Според претставените надлежности на Министерството за надворешни работи, јасно се гледа улогата и значењето на ова министерство во: водењето, координирањето, соработката спроведувањето на надворешната политика на Република Македонија, во тесна соработка со претседателот и другите надлежни институции за успешно извршување на поставените задачи и остварување на целите.

Функциите на **министерот за надворешни работи.** Според законот се следните:

- учествува во креирање на надворешната политика преку предлагање на општите насоки на надворешната политика вклучувајќи ги и прашањата од меѓународните односи со импликации врз безбедноста и одбраната на земјата,
- предлага ставови од областа на надворешната политика и дава мислење од областа на надворешните работи и меѓународните односи,
- ја спроведува утврдената надворешна политика,
- во рамките на своите надлежности, го води и го спроведува политичкиот дијалог со меѓународните субјекти во името на Република Македонија,
- ги застапува ставовите на државата пред меѓународните организации и на меѓународните конференции,
- пред работното тело на Собранието надлежно за надворешна политика, најмалку дватати годишно, поднесува извештај за остварувањето на надворешната политика и меѓународната положба, вклучувајќи ги и безбедносните и одбранбените прашања на меѓународен план,
- на барање на Собранието, поднесува извештај за остварувањето на надворешната политика и меѓународната положба, вклучувајќи ги и безбедносните и одбранбените прашања на меѓународен план,
- на барање на Собранието или по предлог на Владата, ги образложува ставовите и активностите на Владата по однос на прашања од

[120] Закон за надворешни работи, Службен весник на РМ, бр. 46/2006, 107/2008 и 26/2013, чл.8

надворешната политика, вклучувајќи ги прашањата од меѓународните односи со импликации врз безбедноста и одбраната на земјата и за напредокот во спроведувањето на надворешната политика[121].

Преку надлежностите на ресорниот министер за раководење со надворешната политика на Република Македонија, се заокружува целината на надворешната политика на земјата а истовремено може да се пронајдат и обврските кои произлегуваат за одбранбените дипломати и нивното значење за мирот и безбедноста на домашен и меѓународен план.

## 2. Меѓузависноста и соработката на одбранбената со другите видови дипломатија

Дипломатијата воопшто е претставувањето на една земја во друга земја. Дури и внатрешната поделба на економска, воена – одбранбена или било каква друга дипломатија претставува една целина, дипломатско – конзуларно претставување на сопствената земја во друга земја. Бидејќи одделни видови на дипломатијата имаат сопствените цели по области, неопходно е потребно меѓусебно комуницирање и соработка внатре во Дипломатско конзуларните представништва (ДКП) помеѓу сите вработени и сите нивоа, помеѓу поодделни дипломати по области и соработка со Министерството за надворешни работи со кое имаат размена на податоци, идеи и добиваат задолженија и обврски. За успешно работење на дипломатско конзуларните претставници нужна е многу тесна соработка на сите нивоа и соработка со домашните институции од кои се назначени, и за оние за кои според браншата придонесуваат за нивната промоција и заштита на нивните интереси и развој.

Меѓуинституционалната соработка внатре во Република Македонија е неопходна, пред се заради тоа што општественото живеење е испреплетено со обврски и односи кои се проткајуваат низ многу области. Токму заради тоа и внатрешно и на надворешен план соработката и комуникацијата е постојана за разрешување на одредени прашања и потреби на граѓаните кои се регулирани во повеќе области. Соработката е секојдневна и со македонските претставништва во странство при работење и разрешување на проблеми и

[121] Закон за надворешни работи, Службен весник на РМ, бр. 46/2006, 107/2008 и 26/2013, чл.9

прашања, кои се однесуваат на нашите иселеници во странства а посебно за лица кои сакаат да патуваат во Република Македонија странци, околу регулирање на нивниот влез и престој и секако, доколку е потребно издавање на виза или други документи. Во однос на комуникацијата таа се остварува на повеќе нивоа и во разни форми, писмена или усна, телефонска или друг вид на електронска комуникација[122]. Значењето на редовната комуникација е особено важно за следењето на потребите, навременото информирање и размената на податоци а истовремено ја зајакнува позицијата на Дипломатско конзуларните предтавништва (ДКП) и ги подобрува неговите перформанси во обавување на функцијата за која е формирано.

**3. Редовни средби на сите раководители од системот за национална безбедност со: претседателот на државата, Премиерот и сите други министри од клучните ресори**

Насловот сам по себе, пред се, претставува иницијатива, која во реални услови можеби заради политичкиот ангажман на претставниците на политичката власт, да не бидат остварливи, но сепак значајно е ако постојат лични, технички и други предуслови истите да се остварат. За да не зборуваме паушални или можеби неостварливи работи, сепак да се придржуваме до обврските кои произлегуваат од Уставот и законите во Република Македонија.

Имено се работи за следново, Уставот ги распределува надлежностите кои многу подетално се разработени во законските прописи и подзаконските прописи. Разработувајќи ја темата на дипломатијата и надворешните работи, во овој контекст ќе ги претставиме обврските кои произлегуваат за министерот и шефовите на дипломатско-конзулатните претставништва. За полесно разбирање би го цитирале членот 18 од **Закон за надворешни работи**: *"Министерот, по потреба, но најмалку еднаш во две години, одржува работен состанок со шефовите на дипломатско-конзулатните претставништва, на кој се расправа за прашања од надворешната политика и вршењето на надворешните работи*

[122] Повеќе за дипломатската комуникација и кореспондевција видете кај, Јагода Митревска, Вовед во дипломатија, дипломатски протокол и кореспонденција, Меѓународен славјански институт – г. Москва Дописно – вонредно студирање на Балканот – г. Свети Николе Република Македонија, ГРАФО ПРОМ – Битола, Битола, мај 2006, како и кај, Зоран Велјиќ, Дипломатски протокол, друго изданје, Службени лист СЦГ, Ателје Богдановиќ- Београд, 2005

*на Република Македонија. Во рамките на работниот состанок од ставот 1 на овој член, Министерот организира средби со Председателот, председателот на Собранието, председателот на Владата и председателот на Комисијата за надворешна политика"*[123].

Ако малку попродлабочено ја разгледаме оваа обврска, би можеле да забележиме дека во нејзе има неколку обврски, кои се оптимално распределени. Ако одиме по ред тоа би изгледало отприлика вака:

- **Собирање според потреба;**
- **Најмалку еднаш во две години;**
- **Работен состанок со шефовите на дипломатско-конзулатните претставништва;**
- **Разговор за прашања од надворешната политика;**
- **Прашања од вршење на надворешните работи;**
- **Средби со претставниците на државниот врв и комисијата за надворешна политика.**

*Собирање според потребата*, е добро концепирано терминолошки, и во исто време со одредени финансиски и други ефекти, нуди можност за претставување и анализа на сработеното и можност за размена и укажувања за идни активности во зависност од потребата.

*Најмалку еднаш во две години*, е законски определено, за да може барем на половина од дипломатскиот мандат да се оствари средба, да се разменат сознанија, заклучоци, да се направи соодветна анализа и дадат соодветни препораки за иднина.

*Работен состанок со шефовите на дипломатско-конзулатните претставништва*, е условено од потребата што тие се лицата кои ја спроведуваат и извршуваат политиката на државата и раководат со претставништвата во странство а се одговорни за работењето на другите вработени во ДКП.

*Разговор за прашања од надворешната политика*, е можност да се разменат размислувања, искуства, ставови и многу други работи кои се однесуваат на водењето на надворешната политика.

---

[123] Закон за надворешни работи, Службен весник на Република Македонија, бр.46/2006, 107/2008 и 26/2013

*Прашања од вршење на надворешните работи*, се прашања кои се однесуваат на конкретни активности и конкретно учество во истите од страна на сите вработени, што секако е дел од процесот на оценување на работењето на вработените во ДКП.

*Средби со претставниците на државниот врв и Комисијата за надворешна политика,* е дирекна можност за разговори со секој од овие претставници а истовремено и со Комисијата за надворешна политика, при што точно се утврдуваат и правците на идните движења и активности во надворешната политика.

Сепак за крај одлично би било кога би можело да се обезбедат финансиски можности за задолжителни средби на највисоко ниво со шефовите на дипломатските мисии на пократски временски интервали, но да не се заборави дека тие средби постојат при посетите на нашите државници во земјите во кои се лоцирани македонските ДКП, а истовремено ова се остварува и со министрите кои учествуваат на разни конгреси, симпозиуми, состаноци и друго.

## 4. Обуки на дипломатскиот персонал

Процесот на обука започнува со соодветно конвенционално образование во високообразовните институции на Република Македонија, а неговото дополнување во **Директоратот – Дипломатска академија,** кој е во состав на Министерството за надворешни работи на Република Македонија. Имено, целите, надлежностите и организациската структура на Директоратот за дипломатска академија, се следниве:

***1. Цели***

Натамошно развивање на воспоставениот систем на едукација на сегашните и идните дипломатски кадри, со цел ефикасно одговарање на професионалните предизвици поставени пред нив.

***2. Позначајни надлежности***

- Врши процена на нивото, видовите и потребите за обуки на вработените во Министерството за надворешни работи;
- Известува за курсеви, обуки и семинари што се нудат во странските програми на странските дипломатски академии и институции за политика;
- Се грижи за едукација на новопримениот кадар;

- Активно учествува во подготовката и организацијата на полагање на дипломатските и советничките испити;

- Учествува во подготовка на дипломатите пред нивното упатување во представништвата низ светот, како и организација, нивните завршни разговори и бранења на тези;

- Организира курсеви за јазик и соработува со сродните институции од регионот и пошироко.

*3. Организацоска структура*

Во состав на Дипломатската академија влегуваат

- Сектор за дипломатска едукација
- Сектор за стручно усовршување и соработка[124].

Улогата и зачестеноста на обуките, имаат свое значење во развојот и професионализацијата на кадарот во делот дипломатија, но истовремено и во сите други пропратни активности, каде е потребно поседување на одредени вештини и знаења кои може да го олеснат функционирањето на оваа структура.

Ваквиот пристап на постојана (континуирана) обука и надградба на кадарот е неопходно потребен во сите струки, но заради важноста на полето на безбедноста од особено значење е во системот за национална безбедност.

## 5. Изборот на кадар

За успешно работење на Министерството за надворешни работи на Република Македонија, основно е донесување на прописи во кои ќе бидат предвидени законските норми, цели, задачи, формирање, функционирање, регрутација, селекција и избор на компетентен, образован и искусен кадар, одговорности и многу други права и обврски кои произлегуваат од работен однос и други права. Основниот закон кој ја регулира работата и постоењето на Министерството за надворешни работи е Закон за надворешни работи[125], секако подржан и дообјаснет со голем број на подзаконски акти, кои се донесени од Министерството за надворешни работи. Надворешното работење е со истурени претставеништва во странство кои може да бидат од типот на ***Дипломатски***

[124] http://www.mfa.gov.mk/index.php/mk/mnr-ministerstvo2/vnatresna-organizacija/dir-za-diplomatska-akademija

[125] Закон за надворешни работи, Службен весник на Република Македонија бр.46/2006, 107/2008 и 26/2013(неофицијален пречистен текст),

***претставништва на Република Македонија. Тоа се:*** амбасади, постојани мисии при меѓународни организации, канцеларии за врски и специјални мисии. Потоа, ***Конзуларни претставништва на Република Македонија*** се: генерален конзулат, конзулат, конзуларна канцеларија и почесен конзулат.

***Со посебна одлука Владата основа и:*** културно – информативни центри, економски и други претставништва на Република Македонија во странство, кои работат во состав на дипломатско – конзуларното претставништво на Република Македонија[126].

Сите погоре споменати активности кои се поврзани со изботот на потребниот кадар во Министерството за надворешни работи ги спроведува комисија, која одлучува за нивниот избор. За избраните кандидати после нивниот избор, Министерството организира стручна специјализација и континуирана обука. Начинот на спроведување на специјализацијата и обуките се утврдува со акт на Министерот[127]. За кандидатите е предвидено спроведување на *приправнички стаж и приправнички испит*[128] а подоцна и полагање на *Дипломатски испит*[129]. Оваа практика подоцна продолжува и со *оценувањето на мбасадорот*[130], кое се спроведува еднаш годишно во текот на првиот квартал за претходната година. Околу регрутирање, селекција, избор и подготовка на персоналот за одбранбена дипломатија, станува збор и во Стратегијата за одбранбена дипломатија во точка 7[131]. Токму ова се параметрите кои го диктираат изборот на кадарот кој што ќе биде упатен во македонските ДПК, во странство. Но овој процес не е лесен и едноставен и е оптеретен со многу проблеми од различен вид. За проблемите со македонската дипломатија пишуваат и Лазар Поп Иванов и Марија Мирчевска[132] под наслов

---

[126] Предвидено во Закон за надворешни работи, Службен весник на Република Македонија бр.46/2006, 107/2008 и 26/2013 (неофицијален пречистен текст), во чл.25

[127] Предвидено во: Закон за надворешни работи, Службен весник на Република Македонија бр.46/2006, 107/2008 и 26/2013 (неофицијален пречистен текст), во чл. 67в

[128] Предвидени во Закон за надворешни работи, Службен весник на Република Македонија бр.46/2006, 107/2008 и 26/2013 (неофицијален пречистен текст), во чл. 63д

[129] Предвидено во Закон за надворешни работи, Службен весник на Република Македонија бр.46/2006, 107/2008 и 26/2013 (неофицијален пречистен текст), во чл. 63ѓ

[130] Предвидено во Закон за надворешни работи, Службен весник на Република Македонија бр.46/2006, 107/2008 и 26/2013 (неофицијален пречистен текст), во чл. 48а

[131] Повеќе во Стратегија за одбранбена дипломатија, Министерство за одбрана на РМ, декември 2012, стр.11

[132] Објавено во списанието Политичка мисла бр.43 од 2013, кое излегува под покровителство на:IDSCS (Institute for Democracy Societas Civils – Skopje i Konrad Adenauer Stiftung, Лазар Поп Иванов, Марија Мирчевска, под наслов: МК – Дипломатија: помеѓу професионализмот и политиката, стр.61

*Македонската – Дипломатија: помеѓу професионализмот и политиката.* Компарациите кои се правени а се однесуваат на изботот на амбасадори кои во првичната верзија на законот требало да бидат 2/3 професионалци, а со измените од 2008 тој цензус е намален на ¼ професионални амбасадори и нивното влијание[133]. Коментирани се критериумите за оценување на успешноста на амбасадорот, при што акцентот е ставен на економските критериуми. Со законските измени не се согласувале и голем број истакнати личности од општествената јавност кои го коментираат цензусот за професионални дипломати од кариера, и зголемување на политички избраните дипломати и нивното значење за дипломатијата и надворешната политика. Во овој контекст ќе преземеме неколку коментари од цитираниот труд и тоа:

Професорот Димитар Мирчев, е со малку поинаков став, давајќи критика на промените на законот, се осврнува и на дотогашната практика за назначување "политички дипломати". Тој вели: "Не сум среќен со формулацијатана во измените на Законот. Измените можат да водат до натамошна политизација на професионалната дипломатска струка и дејност. Но и досега, без оглед на постоењето на законот (април 2006) или не, без разлика на пропорциите на дипломати/политички личности, во Законот, дипломатијата се политизираше[134]"

Другиот коментар е од Виктор Габер, во книгата "За македонската дипломатија", ја поставува дилемата за методот на мобилизација на кадрите, за кои тврди дека е генерално актуелно прашање во дипломатската теорија и практика: мобилизација на кадри "однадвор" или професионалци "занаетчии".

Тој признава дека во периодот по осамостојувањето на Република Македонија, затекнатитс и новопријавените кадри нема да бидат доволни за да се обезбеди ефикасна поддршка за македонските ставови, интереси и права. Сепак тој заклучува дека квалитетен дипломат се формира низ долгорочен процес на работа, перманентно образование, продлабочено следење на надворешно – политичката материја, со што ја фаворизира професионалната опција наспроти

---

133 Повеќе за коментарот може да се најде во написот на Тамара Грнчаровска, Шефот на дипломатијата ги проширува своите ингеренции , утрински весник, август 17.2008, а се коментирани и пренесени во трудот које објавен од Иванов и Мирчевска, стр.63

134 Преземено од Политичка мисла бр.43 од 2013, кое излегува под покровителство на:IDSCS (Institute for Democracy Societas Civils – Skopje i Konrad Adenauer Stiftung, Лазар Поп Иванов, Марија Мирчевска, под наслов: МК – Дипломатија: помеѓу професионализмот и политиката, стр.64

“привремените” прошетки на кадри од други струки во дипломатијата, кои се на штета на државата[135]. Неопходно е да се биде непристрасен во оценките да се слушнат и споредат изјави и на странски претставници кои добро ја запознале македонската надворешна политика. Таков е примерот со поранешната амбасадорка на Холандија во Македонија, Н.Е. Симоне Филипини, која смета дека “само професионалците се добри дипломати и бидејќси тоа правило треба да го почитуваат уште повеќе во малите земји, како што се нејзината земја и Македонија[136]”. Дополнително, сегашната амбасадорка на Холандија во Македонија, Н.Е. Маријет Шурман вели: “Потребно е повеќе од талент и зборување на два или повеќе странски јазици за да бидете ефективен претставник на својата држава или на нејзините интереси. Потребно е долгогодишно искуство и градење на мрежи. Имањето толку висок дел од политички назначени амбасадори изгледа како закана за континуитетот на професионалноста на службата”.[137]

Околу значењето на изборот на компетентен, образован и искусен кадар како во Министерството за надворешни работи, така и во сите државни институции, мислиме дека е повеќе од доволно погоре искажаното, за потребата од професионализацијата на кадарот кој што води кон развој и успешност во сите сегменти на Република Македонија.

## 6. Развој на дипломатскиот кадар

Развојот на дипломатскиот кадар во македонски услови, заради ограничените ресурсни можности, расположивите капацитети, кадар, искуство и стекнување на нови неопходни знаења е форматиран да се спроведува на две полиња и тоа преку Директоратот за дипломатска едукација во Дипломатска

[135] Преземено од Политичка мисла бр.43 од 2013, кое излегува под покровителство на:IDSCS (Institute for Democracy Societas Civils – Skopje i Konrad Adenauer Stiftung, Лазар Поп Иванов, Марија Мирчевска, под наслов: МК – Дипломатија: помеѓу професионализмот и политиката, стр.64

[136] Преземено од Политичка мисла бр.43 од 2013, кое излегува под покровителство на:IDSCS (Institute for Democracy Societas Civils – Skopje i Konrad Adenauer Stiftung, Лазар Поп Иванов, Марија Мирчевска, под наслов: МК – Дипломатија: помеѓу професионализмот и политиката, стр.65

[137] Преземено од Политичка мисла бр.43 од 2013, кое излегува под покровителство на:IDSCS (Institute for Democracy Societas Civils – Skopje i Konrad Adenauer Stiftung, Лазар Поп Иванов, Марија Мирчевска, под наслов: МК – Дипломатија: помеѓу професионализмот и политиката, стр.65

академија, за што повеќе има објаснување во точката 5., и во странски академии со кои Министерството за надворешни работи има соработка. Според податоците кои се објавени во Стратешки план 2014-2016, “Во периорот 2014-2016 година, Директоратот – Дипломатска академија, ќе продолжи со едукација на кадарот од МНР со упатување на дипломатски курсеви, обуки и семинари, пред се во: Кралство Холандија, Кралство Шпанија, Австрија, Германија, Турција, Хрватска, Србија, Црна Гора, Бугарија, Белгија, Естонија, Малта, како и учество на курсеви и обуки кои досега не биле посетени од дипломатите од МНР. Сите наведени активности воедно ќе зависат од финансиските можности на Министерството.[138] ” Од друга страна во Стратешкиот план, во делот за Дипломатската академија се дадени и прегледно претставени одржаните предавања од интерес на професијата дипломат, кои водат кон професионализација на дипломатскиот кадар:

Претставени активностите на Дипломатската академија за 2013[139]

| Ред.бр. | Датум на изведување | Изведувач на обука | Наслов на предавањето или обуката |
|---|---|---|---|
| 1 | 11јануари | Лук Симпкинс Либерална партија на Австралија | предавање |
| 2 | 20 февруари | Јон Ивановски амбасадор | Предавање: “Регионалната соработка и ЈИЕ” |
| 3 | 11 февруари | Министерот Никола Попоски и Јиржи Бузек парламентарец | Предавање: “Европскиот Парламент движечка сила на проширувањето на Европската Унија и добрососедската политика” |
| 4 | 12 април | Министерот Никола Попоски и амбасадорот на Француската Република Лоренс Оер | Предавање: “Република Македонија – Европска Унија, улогата на Франција во натамошното уредување на евро – интегративниот процес на Република Македонија” |
| 5 | 29 мај | Амбасадор Данчо Марковски По барање на | Предавање: “Дипломатско и конзуларно право” |

[138] Министерство за надворешни работи Република Македонија, Стратешки план 2014 – 2016, Скопје, Јануари 2014, точка 1.9.7 Дипломатска едукација
[139] Министерство за надворешни работи Република Македонија, Стратешки план 2014 – 2016, Скопје, Јануари 2014, Дипломатска академија

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | магистранти од Правниот факултет "Јустинијан I" | |
| 6 | 28 јуни | Министерот Никола Попоски и амбасадорот на Сојузна Република Германија Гудрун Елизабет Штајнер | Предавање: "Македонско – германска соработка на патот на европската и евро – атлантската интеграција на Република Македонија" |
| 7 | 14 18 јануари | Експертска TAIEX мисија | Обука за подобрување на капацитетите на Дипломатската академија |
| 8 | 15 ноември 2013 | Итамара Локхард | Предавање: "Заканите по меѓународната безбедност и меѓународната соработка за заштита од сајбер активностите" |
| 9 | 29 ноември 2013 | Министерот Никола Попоски и др Срѓан Ќерим | Предавање: "Предизвиците на мултикултурализмот и улогата на ООН во глобални рамки" |

Министерството за надворешни работи, секојдневно настојува да ги подобри и развие односите со соодветни странски дипломатски институции, и на тоа поле се потпишани три протоколи и меморандуми за соработка со: Министерство за надворешни работи на БИХ – Оддел за дипломатска обука во областа на дипломатската едукација потпишан на 27 февруари 2014, Дипломатска академија Гавро Вуковиќ при МНРЕИ на Црна Гора, потпишан на 27 мај 2014, Министерството за надворешни работи и Комонвелт на Обединетото кралство на Велика Британија и Северна Ирска, потпишан на 12 јули 2014.

Во однос на развојот на дипломатскиот кадар, од страна на Дипломатската академија се објавени 15 дипломатски обуки за курсеви и семинари во странство, на кои се испратени 12 учесници од МНР. Исто така се доделени 8 делумни стипендии од Гете Институтот за учење на германски јазик. Другиот особено значаен момент е изготвувањето на: "Националниот план за обука за 2013 година – Зајакнување на капацитетите за работа на француски јазик на државни службеници задолжени за европски и мултилатерални досиеја, во што се опфатени 45 дипломати.[140] "

[140] Ibid, 158

## VI ГЛАВА

# ОДБРАНБЕНАТА ДИПЛОМАТИЈА ВО ФУНКЦИЈА НА НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## 1. Улогата на одбранбената дипломатија во борбата против асиметричните закани

Денес во XXI век, сведоци сме дека полето на закани за светскиот мир, полека но сигурно се трансформира од типични воени закани кон закани од невоена природа. Таквите закани во светски рамки, па и кај нас, се појавуваат во форма на: тероризмот, транснационалниот организиран криминал, војна од четвртата генерација, пролиферација на оружјето за масовно уништување, верски радикализам и екстремизам, илегална миграција, нестабилни и нефункционални држави и компјутерски напади и др. Одбранбената дипломатија има улога или задача да ги спроведува политиките на државата и се грижи за овозможување договарање и соработка со соседните земји и безбедносните организации кои се вклучени и се занимаваат со надминување на веќе создадените проблеми. Македонската одбранбена дипломатија, се занимава со што побрзо вклучување на државата во евроатланските институции и на тој начин да го зголеми нивото на сопствената безбедност. Истовремено македонската одбранбена дипломатија презема чекори со кои државната и одбранбената политика, ги приближува до стандардите кои се општоприфатени во земјите членки на НАТО и ЕУ а кои се вклучени во антитерористичката коалиција. Ваквата улога на одбранбената политика го трасира патот за спроведување на успешни реформи во одбраната и безбедноста на земјата и нуди можност за брзо постигнување на соодветните неопходни стандарди за успешно вклучување во овие безбедносни организации и институции.

## 2. Одбранбената дипломатија во функција на заштитата на вооружените сили, системот за одбрана и внатрешната безбедност

Одбранбената дипломатија, во своето работење ги спроведува своите функции, за кои што стана збор малку порано во текстот, но овде само ќе се

потсетиме за онаа функција, која е во контекст на оваа подточка а тоа е: *заштита на интересите на вооружените сили и нејзините припадници, известување за вооружените сили на земјата домаќин и поднесување навремени извештаи до сопствената Влада.*

За овие две функции на одбранбената дипломатија пишувале повеќе автори и токму заради тоа ќе напоменеме неколку од нив. Заштитата на интересите на вооружените сили најчесто е, основната причина за воспоставување на дипломатските односи на одбранбено дипломатската мисија. “Функцијата на заштита на интересите се однесува на преземање на определени мерки и активности за да се заштитат интересите на сопствената армија, сопствената држава и припадниците на вооружените сили, офицерскиот и војничкиот персонал и други лица кои се наоѓаат на територијата на државата домаќин.”[141] Кога станува збор за функцијата на заштита на сопствените вооружени сили, одбранбената дипломатија помалку или повеќе, има ограничени функции за реакција, па токму заради тоа овде доаѓаат до израз превентивните активности. Имено, станува збор за еден вид на активност, преку која се следат сите јавно достапни информации за состојбите во армијата на земјата домаќин, безбедносната состојба во државата домаќин, заканите и ризиците кои постојат и се однесуваат за припадниците на армијата и другиот персонал од земјата испраќач. Оваа превентивна активност на креаторите на надворешната политика им овозможува преку обезбедувањето на навремени и точни информации, да донесат вистински одлуки за заштита на сопствените воени сили и претставници во странство. Преку превентивните активности и навременото поднесување на извештаите, одбранбениот систем на сопствената држава има можност на време да биде информиран, и да ги преземе сите превентивни мерки и активности, со активирање на сите заштитни механизми. Заштитната функција најчесто се остварува, преку секојдневно собирање на информации, за состојбите со вооружените сили во земјата домаќин, безбедносната состојба, кои се јавни информации како и преку определена разузнавачка активност.

[141] Милан Зечевиќ, Војна дипломатија, Војноиздавачки и новински центар, Београд,1990, стр.137

### 3. Внатрешната безбедност како основен предуслов за успешно водење на одбранбената дипломатија

Секојдневните општествени промени, глобализациските движења во светски рамки, придонесуваат да се развиваат општествените односи и кај нас во согласност со светските трендови. Истовремено ваквите светски движења со себе ги носат и проблемите и заканите по внатрешната безбедност од: загрозувања на внатрешната безбедност од внатре и од надвор, од сопствените граѓани и оние кои се бегалци, имигранти и други лица кои тргнале да ги остварат своите цели од (терористички и криминални активности). Сепак доброто функционирање на системот за внатрешна безбедност, е столбот кој се грижи таа да не биде нарушена или доведена во опасност, што од друга страна им дава можност на одбранбените дипломати, оваа состојба да ја користат како предност во секојдневната комуникација со нивни колеги и други лица во земјата домаќин.

Втората област е заштитата на човековите права и слободи, што во денешни услови како мерка и активност на внатрешен план, е следена активност од многу меѓународни институции и организации, и за која, се заинтересирани и внатрешни и надворешни невладини организации или граѓанскиот сектор. Комуникацијата која постои во денешни услови, овозможува на сите чинители, доколку дојде до некое нарушување на овие права, во многу краток временски интервал да бидат запознаени со проблемот голем број на лица и институции, што го принудува системот на државата на почитување на овие права кои се Уставна категорија.

Во Република Македонија од 2002/2003, започнат е процес на реформи, кои помалку или повеќе ги зафатија сите области на општественото живеење: армијата, полицијата, здравството, образованието, судството, финансиското работење, даночната политика, економијата, царинското работење и многу други. Ова е значајна работа пред се за подобрување на перформансите на државниот апарат и зголемување на можностите на граѓаните и заштита на нивната лична безбедност и нивниот имот и други добра[142]. Сепак заканите кои

---

[142] Повеќе за овие активности на полето на внатрешната безбедност може да се прочита воНационалната концепција за безбедност и одбрана донесенана седница на Собранието на Република Македонија на 11 јуни 2003, стр.10-12

може да ја загрозат внатрешната безбедност, може да бидат и од меѓународен карактер и токму за нив станува збор во следната подточка.

## 4. Справување со асиметричните закани

Во светски рамки постојат повеќе видови на асиметрични закани, кои може да доведат до загрозување на внатрешната безбедност на државата, што мора да биде мотив за што поуспешно функционирање на системот за безбедност, и секако во него и на одбранбената дипломатија. Тероризмот, транснационалниот организиран криминал, војна од четвртата генерација, пролиферацијата на оружјето за масовно уништување, верски радикализам и екстремизам, илегална миграција, нестабилни и нефункционални држави и компјутерски напади се само дел асиметричните закани. Асиметричните закани во денешните општествени односи пред се, се меѓународни и имаат карактер да зафатат што поголеми подрачја или имаат експанзионистички цели:

- **тероризмот,**

Што се однесува до тероризмот, после критичниот 11 септември 2001 година, веќе ништо не е како порано. Денес, секоја терористичка закана од било каков обем, треба да се свати сериозно, се со цел спречување, елиминирање на причините и можностите за остварување на заканата. Една од водечките улоги на надворешен план покрај државните разузнавачки агенции, ја има и одбранбената дипломатија, која преку соработка, размена на информации и разни други форми, има можност за добивање на вакви сознанија, кои е важно, навремено да се проследат до надлежните институции, како би предизвикале нивни ангажман и доколку е неизбежно интервенција.

- **транснационалниот организиран криминал**,

Денес, во XXI век, можеби најголемата опасност претставува транснационалниот организиран криминал, кој што остварува профит колку некоја поголема држава што има државен буџет. Ако е така, а тоа најголемиот број на истражувања во светски рамки го покажале, тогаш е неопходно развивање на сестрана меѓудржавна, меѓуинституционална и меѓуресорска

соработка како на билатерално така и на мултилателарно ниво. Причина за ваквата соработка пред се е неможноста да се следат тековите на: парите, дрогата, оружјето, трговијата со луѓе, со радиоактивни и хемиски средства за масовно уништување и со многу други активности на транснационалниот организиран криминал. Соработката и членувањето во разни безбедносни организации и тела, овозможува навремено и рано предупредување за можните опасности, за функционирањето на некоја организација од овој домен, за активностите на нејзините членови, раководители и што е најбитно, овозможува брзо пренесување на информациите и брза реакција на државните институции.

- **пролиферација на оружјето за масовно уништување,**

Избувнувањето на нови воени жаришта во светски рамки, ја зголемува "гладта" за оружје, а со тоа се активираат сите меѓународни канали за илегална трговија за оружје, покрај конвенционално може да биде и неконвенционално како што е биолошкото и радиоактивното, кои со нивно користење може да предизвикаат масовно уништување на населението. Вакви примери кои се најсвежи се искажувањата на властите во Сирија дека, од страна на терористичката организација Исламска држава, во одредени борбени активности е користено хемиско оружје, а претходно тоа беше пренесувано дека е сторено од Садам Хусеин и на други места и прилики (не сакаме да се присетуваме на концентрационите логори од Втората Светска војна).. Бидејќи користењето на овие средства претставува огромна опасност како за населението каде се користи, така и за светскиот мир, потребно е здружено, секојдневно ангажирање, соработка, координација и размена на разузнавачки податоци во светски рамки за да се спречи ова зло на современиот свет. Во поново време има размислувања и претпоставки дека и вирусот на "ебола", кој се појави на африканскиот континент, е произведен во лабораторија а се користи за масовно уништување (сепак ова се само непотврдени претпоставки или шпекулации).

- **верски радикализам и екстремизам,**

Појавата на современите војни во кои, пред нив стои предзнакот верски, се една од современите закани на светската безбедност каде што, верските

радикали од цел свет се обединуваат по основ на верата, и се борат за експанзија на нивната идеја или учење, против сите кои не се за нивната идеа, а посебно против припадниците на другите вери. Ваква е состојбата со активностите на терористичката организација Исламска држава, особено е актуелна денес, и предизвикува реакции од цел свет бидејќи ја наруши безбедноста во Ирак и Сирија, при што нивните активности се и јавно презентирани на сите светски телевизии, со чинот на обезглавување на луѓе. Ваквата поставеност на работите, го предизвика светот, да се обедни во идејата за спротивставување на активностите на оваа терористичка организација, преку коалиција која е предводена од Америка и Обединетото кралство, која преку воздушни напади се бори за ослабување на моќта на организацијата. Истовремено се настојува да се попречат патиштата за дотур на оружје и друга воена опрема, капиталот и средствата со кои располага организацијата, како би се поразила на сите полиња. Значаен е моментот во кој од страна на целиот свет е покрената иницијатива за попречување на пропагирање и регрутирање на лица за боиштата во оваа организација, за што во земјите од балканот се направени и измени во кривичните законодавства, при што, секое учество во друга војска, се третира како кривично дело, за кое се предвидени високи затворски казни. За полесно разбирање на оваа активност на државите, кои се спротивставуваат на ова зло, подоле се претставени земјите и висините на казните, кои се во вид на компаративен преглед.

Преглед на предвидените казнени одредби, за лицата кои одат да се борат во други војски, надвор од својата земја. Овој преглед е преземен од дневниот бесник Нова Македонија од веб страната[143].




- **илегална миграција,**

Од ден на ден сведоци сме, дека се поголем број на лица илегални мигранти од африканскиот континент и блискиот исток се фатени во Република Македонија, како престојуваат или транзитираат кон запад. Бидејќи оваа илегална активност не е бесплатна, лицата кои се организатори, користејќи ги проблемите со кои се соочуваат овие лица им наплаќаат дебели суми за да ги спроведат до некоја од западноевропските земји. Опасноста е содржана во лицата кои се организатори и нивното брзо богатење, лицата кои се мигранти и

[143] http://www.novamakedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=4514737446&id=9&setIzdanie=23144

во кои неретко има и лица кои се обучени за воени дејствија, а кои ваквата можност ја користат за да дојдат до определената цел, како би можеле да ја спроведат и извршат поставената задача.

- **нестабилни и нефункционални држави**

Опасноста од нестабилни и нефункционални држави во светски рамки е голема, пред се заради нефункционирање на државниот систем и можноста за развој на криминалните активности. Во овој контекст од особено значење се земјите од третиот свет и земјите во развој, каде што нефункционирањето на државниот апарат многу лесно може да доведе, до можност за одредени преврати и на власт, да дојдат криминалните структури, што претставува непосредна опасност пред се на локално и регионално ниво, а подоцна и во светски рамки.

- **компјутерски напади**

Развојот на техничко технолошките иновации и проекти, е од особено значење, пред се заради современиот свет кој се темели на развојот на техниката и технологијата. Ако е така, тогаш целото човештво има огромен проблем, бидејќи овој тренд е секојдневен и проследен со многу иновации кои сиромашните не се во можност да ги следат. Неследењето и немањето на сопствен развој, им овозможува на оние што се понапред да бидат владетелите во светот. Примерите се секојдневни а ги има многу: блокирање на работењето на електронските системи на одредени државни институции, крадење на доверливи информации од цел свет, насочување на огромни финансиски средства за свои потреби и така натаму. Сепак најзначајна е аферата “ВИКИЛИКС” и нејзиниот творец Асанж, како и меѓународно познатата група “АНОНИМУСИ”, која се прослави со блокирање на елекронските системи на разни државни институции во светот. Сепак опасноста од овие компјутерски напади, не го достигнала својот зенит.

## 5. Безбедносното опкружување и одбранбената дипломатија на Република Македонија

Според процената на НАТО, глобализацијата, новопојавените предизвици, изворите за нестабилност и потенцијалните конфликти, заедно со постојните закани и предизвици, ќе продолжат да придонесуваат за непредвидливоста на безбедносното опкружување на Евроатланската област, вклучително и Регионот на Југоисточна Европа. Република Македонија ја споделува процената за безбедносното опкружување на НАТО и континуирано дава значаен придонес кон евроатлантската безбедност и стабилност"[144]. Токму заради тоа а се со цел, поддршка на македонската одбранбена дипломатија, во најголемиот дел од трудот провејуваат елементите од првата одредница., можности. Преку овој елемент се овозможува на одбранбената дипломатија да ги искористи сите можности преку извршување на својата функција и задачи, да даде сопствен придонес во зголемување и подобрување на одбранбената моќ на Република Македонија. Можностите се преку соработка, во разни билатерални, регионални и меѓународни безбедносни организации, сојузи и здружувања, да се намали безбедносната опасност или закана по Република Македонија, а истовремено да се зголемат безбедносните можности на сите учесници што на поширок план е заеднички интерес на сите земји од опкружувањето на Западен Балкан и Југоисточна европа. За можностите на Република Македонија станува збор во Националната концепција за безбедност и одбрана[145], каде се таксативно претставени *можностите кои се значајни за Република Македонија*:

- Активна партиципација во ширењето на мирот и стабилноста во функција на зголемување на општата безбедност во регионот и Европа, со перманентно зголемување на можностите и капацитетите за превенција и справување со кризи;

---

[144] Министерство за одбрана на Реублика Македонија, Бела книга на одбраната, Скопје, септември 2012, стр.17, точка 2.

[145] Национална концепција за безбедност и одбрана на Република Македонија, усвоена на седница на Собранието на република Македонија на 11 јуни 2003 год, глава IIБЕЗБЕДНОСНО ОПКРУЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, точка 2. Безбедносни можности, стр.5

- Вклучување во сите меѓународни, глобални, политички, економски, социјални и други текови, предводени од меѓународните институции и организации;
- Целосна партиципација и интеграција во Евроатлантските безбедносни структури, во функција на ширење на стабилноста и безбедноста, изразена преку процесите и активностите за подготовка на членството во НАТО и ЕУ, но постојано и во тесна соработка со ОБСЕ и ООН;
- Перманентно унапредување и развој на добрососедските односи и регионалната соработка во функција на подобрување на безбедносната состојба и опкружување, како и политичката и економската стабилност и напредок;
- Доизградување и унапредување на демократските основи на државата, врз основа на почитување на основните слободи и права на човекот и граѓанинот;
- Достигнување на правична и соодветна застапеност на сите етнички заедници во органите на државната власт и јавната администрација на сите нивоа, посебно и во безбедносните структури;
- Доизградување на јавната администрација, како сервис на граѓаните, со висока професионалност, политичка неутралност, компетентност и ефикасност;
- Создавање на услови за функционирање на пазарната економија, социјално и еколошки ориентирана, како и унапредување на условите за живот и работа на граѓаните;
- Унапредување на научно, техничко-технолошката, информатичката и инфраструктурната основа на државата и
- Создавање на услови за користење на економските и други сопствени ресурси и можности во функција на безбедноста и одбраната[146].

Секако дека секојдневно се множат и произлегуваат нови и нови предизвици и извори на нестабилост, кои може да го нарушат безбедносното опкружување, а со тоа да доведат до дирекно или индирекно загрозување на безбедноста на

[146] Ова се можностите на РМ кои се претставени во: Национална концепција за безбедност и одбрана на Република Македонија, усвоена на седница на Собранието на република Македонија на 11 јуни 2003 год, глава II БЕЗБЕДНОСНО ОПКРУЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, точка 2. Безбедносни можности, стр.5

Република Македонија. Во *ризици и опасности по безбедноста* на Република Македонија спаѓаат:

- Можни манифестаци на екстремен национализам, расна и верска нетрпеливост;
- Облици и активности сврзани со меѓународниот тероризам, организираниот криминал, нелегалната миграција, нелегалната трговија со дрога, оружје, луѓе, стратегиските и материјалите за двојна употреба, како и последиците од употреба на средства за масовно уништување;
- Поседување на големи количини илегално оружје;
- Транзицинонте проблеми како што се: корупцијата, урбаниот тероризам, тешкиот криминал, вклучувајќи уцени, рекетирања, убиства и напади врз сопственоста на граѓаните, економски криминал, даночна евазија, недоизграденоста на институциите на демократскиот систем, проблемите во функционирањето на судството, социјалните проблеми и невработеноста;
- Активностите на странските специјални служби насочени кон влошување на безбедносната состојба, а со тоа и забавување на демократските и интегративните процеси, особено оние кон НАТО и ЕУ;
- Последиците од судир на интереси за користење на изворите и патиштата на стратегиските енергенси, како и попречување и блокирање на нивниот увоз во Република Македонија;
- Елементарните и други непогоди, техничко-технолошките катастрофи, заразните заболувања на луѓето и животните предизвикани од домашни и/или надворешни фактори;
- Компјутерскиот криминал, пиратството и злоупотребата на информатичката технологија, посебно во делот на личните податоци на граѓаните, деловната, службената и државната тајна и
- Деградација и уништување на животната средина[147].

Заради ваквото брзо менување на состојбите на безбедносен план, одбранбената дипломатија е истурениот претставник на државата, до кого први

---

[147] Ова се безбедносните ризици и опасноси на РМ кои се претставени во: Национална концепција за безбедност и одбрана на Република Македонија, усвоена на седница на Собранието на република Македонија на 11 јуни 2003 год, глава IIБЕЗБЕДНОСНО ОПКРУЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, точка 3. Безбедносни можности, стр.5-6

стигнуваат промените во безбедносното опкружување, и таа мора навремено да информира-реагира, за можна загрозеност на одбранбениот систем на државата. Секако кога станува збор за предизвиците од евентуално загрозување на безбедноста и одбраната на државата, може да потекнат и од внатре, што не е редок случај, а да постои или да има подоцна вклучување од надвор. Најнови актуелни предизвици за нарушување на безбедноста на Република Македонија се: учество на наши државјани во борбите во Сирија, нивното враќање во државата и вклучувањето во општественото живеење.

# ЗАКЛУЧОК

Врз основа на спроведеното истражување, дојдено е до следниве заклучоци:

1. Влијанието на одбранбената дипломатија врз градењето на надворешната политика е особено значајно бидејќи нуди можности за зголемување на дијалогот и соработката како мировни механизми кои што придонесуваат кон развој, а истовремено преку нив се создаваат предуслови за успешна соработка на полето на одбраната и безбедноста во светски рамки.
2. Сите држави денес посветуваат огромно внимание на развојот на дипломатијата а посебно на одбранбената дипломатија која го прави исчекорот во здружувањето и соработката на полето на одбраната, претставување, соработка, комуникација, обуки, заеднички вежбовни и други активности се со цел зголемување на одбранбените и безбедносните капацитети на сите земји во здружувањето а преку тоа и придонес за светскиот мир и безбедност.
3. Одбранбената дипломатија ја генерализира функцијата на дипломатијата во делот на заштитата на интересите на државата, одбраната и безбедноста а со тоа на поширок план дава сопствен придонес за безбедноста.
4. Информациите во светски рамки се клучни за донесување на соодветни одлуки, во делот на одбранбената дипломатија особено е значајно информациите да бидат навремени и точни како би можела одбранбената дипломатија навремено и целосно да ги насочи сопствените капацитети за надминување на создадени кризни состојби.
5. Истражувањето потврди дека во Република Македонија недостасува поголема иституционална соработка, која што може да има безбедносни инпликации на полето на одбраната и одбранбената политика, а е поврзано и со одбранбената дипломатија.
6. За да може одбранбената дипломатија да биде во функција на одбраната и безбедноста, потребно е добра селекција на кадарот кој се прима за извршување на оваа функција преку што ќе се овозможи зголемување на одбранбените и безбедносните можности на државата.
7. Кадарот кој што ќе ја извршува фуницијата одбранбен дипломат, неопходно е да биде соодветно обучен и компетентен за извршување на функцијата, како би можел соодветно да се справи со сите предизвици со кои се среќава во нејзиното извршување.

8. Одбранбената дипломатија треба да биде во финкција на државата и да нуди можност за што поуспешно водење на надворешната политика а преку тоа и директно да се грижи за одбраната и безбедноста на државата.

9. Спроведувањето на одбранбената дипломатска активност ќе биде овозможено преку, зголемување на комуникацијата на дипломатите и министерството за надворешни работи, нивни почести средби, дискусии за одредени прашања, зголемување на капацитетите на одбранбената дипломатија преку спроведување на соодветни зачестени обуки, континуиран развој на кадарот, зголемување на другите ресурси и секако како клучен елемен би бил професионализацијата на кадарот.

10. Одбранбената дипломатија и нејзината активност директно се рефлектираат и влијаат на зголемувањето на одбранбената и безбедносната моќ на државата што пак нуди успешна борба во справувањето со сите видови на закани кон државата или вооружените сили, а особено ја зголемува можноста за успешно справување со асиметричните закани.

## ПОЈМОВНИК

1. **Агенција за разузнавање** – државен орган кој е надлежен за собирање податоци и информации од значење за безбедноста и одбраната на Република Македонија и стопанските, политичките и други интереси на државата[148]
2. **Agreement** – (англ., прецизирање на спогодба, согласност), изразот Agreement, често се јавува во современата меѓудржавна пракса, како израз на постигната согласност, помеѓу две или повеќе држави во некоја битна или небитна материја која треба да се задржи во тајност. За таков Agreement, не се бара волја на парламентот, иако се работи за меѓународен договор кој усмено или писмено е потврден. Овој израз има и друго значење, како синоним за меѓународен договор воопшто[149].
3. **Ad hoc** – (лат., за ова , за оваа прилика, за овој случај, во таа цел), изразот со кој најчесто се означува карактерот на некој национален или меѓународен орган (комисија), кои се создадени само за извршување на една одредена задача, а чие времетраење со завршување на задачата престанува[150].
4. **Акредитивно писмо** – исправа, документ кој државата на именување, односно шефот на државата (министерот за надворешни работи кога се работи за вршител на должност) го воведува и препорачува шефот на дипломатската мисија на шефот на државата на приемот (односно на министерот за надворешни работи кога се работи за вршител на должност)[151].
5. **Амбасада** – (embassy, ambassade), 1. наслов со кој збирно се означува амбасадорот и персоналот кој официјално и неофицијално е поврзан со амбасадорот, 2. Зграда во која амбасадорот работи или ги обавува своите функции, 3. Дипломатските мисии со кои раководи ambassador[152].

---

[148] Закон за агенција за разузнавање, Службен весник на Република Македонија бр. 19 од 06.04.1995, чл.1 и 2

[149] Владимир Пивоваров, Дипломатско конзуларни претставништва, авторизирани предавања, Скопје, 2006, стр.200

[150] Ibid, 2, str.199

[151] Ibid, 2, str.201

[152] Ibid, 2, str.201

6. **Безбедност** - отстранување на сите активности и пропусти кои ги загрозуваат физичките лица, јавниот поредок, објекти или определен простор[153].
7. **Безбедносна состојба** – севкупност на односи и процеси во функционирање на правниот систем, како и објективна состојба за сигурноста во која се спроведува општествениот живот[154]
8. **Безбедносен систем** – е целина составена од повеќе меѓусебно поврзани делови кои функционираат хармонично[155].
9. **Безбедносна ситуација** – збир од загрозувачки елементи кои поединечно и групно ја изразуваат безбедносната состојба и расположението на граѓаните на определен простор, средина или во објект во определено време[156].

   -ситуација која може да биде различита во зависност од степенот на заштитеност на државата и граѓаните, односно загрозеноста по нивната безбедност[157]
10. **Безбедносни мерки** – збир на активности и дејствија кои ги преземаат политичките тела и организации и државните органи заради остварување на заштита на дадените општествени вредности[158].
11. **Безбедносна култура** – дел од општата култура на поединецот, одредена средина или општеството. Збир од сознанија од безбедносната област (основни вредности и придобивки кои се објекти на напади и заштита, методи и облици, како и носители на загрозувања), кои го прават поединцот, средината и општеството способни за препознавање на методите, облиците и дејствијата на загрозување, како и носителите на овие активности, без разлика каде и како се појавуваат[159].

---

[153] Обрен Ѓорѓевиќ, Лексикон безбедности, Партизанска књига, Београд, 1986,стр.25

[154] Мило Бошковиќ, Криминолошки лексикон, Универзитет Нови Сад, Матица Српска, 1999, стр.31

[155] Јордан Спасевски, Марјан Николовски и саше Герасимоски, Безбедносни системи (прилог кон учењето за националните безбедносни системи), Факултет за безбедност Скопе, Скопје, 2010, стр.18

[156] Обрен Ѓорѓевиќ, Лексикон безбедности, Партизанска књига, Београд, 1986, стр.23

[157] Слободан Милетиќ, Појмовник полицијског права-значење 650 појмова из обласи унутрашњих послова, Службени гласник, Београд, 2001, стр.7

[158] Обрен Ѓорѓевиќ, Лексикон безбедности, Партизанска књига, Београд, 1986, стр.24

[159] Обрен Ѓорѓевиќ, Лексикон безбедности, Партизанска књига, Београд, 1986,стр.23

12. **Безбедносна проценка** – целосен аналитички опис и приказ на условите и факторите кои ја стабилизираат, односно дестабилизираат безбедносната состојба, организираноста и способноста на субјектите кои ја вршат безбедносната функција[160]

13. **Билатерална дипломатија** – е најстариот вид на односи помеѓу две држави и се карактеризира со постоење и дејствување на постојани дипломатски мисии, односно амбасади и конзуларни претставништва[161].

14. **Воена дипломатија** – претставува военодипломатска - институција која ги планира, организира и води воените односи со странство, користејќи сопствена методологија (методи, сили и средства) за реализација на задачите од воена природа во меѓународните односи[162].

15. **Дерогација** – (лат., derogatio - укинување), поништување, ставање вон сила или отповикување на некои правила или договорни одредби, евентуално спротивна одредба[163].

16. **Дипломат** – лице што ја претставува својата држава кај највисоките власи на друга држава, -преносно: лукав, итар, препреден, снаодлив човек[164]

17. **Дипломатија** – од грчкиот јазик и значи: вештина на одржување на меѓународни односи и правила што важат во тој поглед,
 - преносно: мудро, претпазливо, учтиво однесување[165]

18. **Дефанзивна контраразузнавачка служба** – ја открива и спречува дејноста на противничките разузнавачки служби на сопствената територија[166].

---

160 Јордан Спасевски, Марјан Николовски и саше Герасимоски, Безбедносни системи (прилог кон учењето за националните безбедносни системи), Факултет за безбедност Скопе, Скопје, 2010, стр.151

161 Зоран Нацев, Тони Петрески, Стратегиски проекции на Република Македонија во надворешната и безбедносната политика, ЕВРОПА 92, Кочани, 2013, стр. 79

162 Зоран Нацев, Тони Петрески, Стратегиски проекции на Република Македонија во надворешната и безбедносната политика, ЕВРОПА 92, Кочани, 2013, стр.86 , исто и кај Милан Зечевиќ, Војна Дипломатија, Војноиздавачки центар, Београд, 1990, стр.17

163 Владимир Пивоваров, Дипломатско конзуларни претставништва, авторизирани предавања, Скопје, 2006, стр.203

164 Љубо Миќуновиќ, Современ лексикон на странски зборови и изрази, Наша Книга, Скопје, 1990, стр.167

165 Љубо Миќуновиќ, Современ лексикон на странски зборови и изрази, Наша Книга, Скопје, 1990, стр. 167

166 Томе Батковски, Разузнавачка и безбедносно-контраразузнавачка тактика (тактика на работа на разузнавачката служба и службата за безбедност и контраразузнавање), Скопје, 2008, стр. 144

19. **Закана** – се однесува на несакан, намерен или ненамерен настан, кој може да предизвика повреда врз одреден субјект[167]
20. **Информација** – доаѓа од латинскиот јазик и значи: известување, соопштение, извештај[168]
21. **Информирање** – преземање активности за сите субјекти да бидат навремено и постојано информирани[169]
22. **Јавна дипломатија** – е пренесување на информации и предавање позитивна слика кои создаваат услови за меѓувладина соработка[170].
23. **Координација** – потекнува од латинскиот збор coordinare и означува усогласување повеќе дејности за поуспешно работење и остварување одредени цели[171]
24. **Кризна состојба** – е состојба предизвикана од ризици и опасности кои можат да ги загрозат добрата, здравјето и животот на луѓето и животните и безбедноста на Републиката, за чија превенција и/ или справување е потребна употреба на поголем обем на ресурси[172]
25. **Криза** – од грчкиот јазик и значи: тешка состојба, нарушување, тешкотии[173]
    - е појава со која се загрозени основните вредности, трајните и виталните интереси и цели на државата, односно се загрозени уставниот поредок и безбедноста на Републиката[174]
26. **Лична дипломатија** – претставува активно учество на шефовите на држави, претседатели на влади или министри за надорешни работи во преговори[175].

---

[167] Лидија Георгиева, Менаџирање на ризици, Филозофски факултет-Скопје, Скопје, 2006, стр.80

[168] Љубо Миќуновиќ, Современ лексикон на странски зборови и изрази, Наша Книга, Скопје, 1990, стр.255

[169] Марина Митревска, Кризен менаџмент, Македонска ризница-Куманово, Скопје, 2005, стр.139

[170] Зоран Нацев, Тони Петрески, Стратегиски проекции на Република Македонија во надворешната и безбедносната политика, ЕВРОПА 92, Кочани, 2013, стр.85, споре Американскиот експерт Роберт Нај

[171] Оливер Бакрески, Основи на безбедносниот менаџмент, Филозофски факултет-институт за безбедност, одбрана и мир, Скопје, 2011, стр.210

[172] Закон за управување со кризи, Службен весник на Република Македонија бр. 29 од 04.05.2005, чл.3

[173] Љубо Миќуновиќ, Современ лексикон на странски зборови и изрази, Наша Книга, Скопје, 1990, стр. 319

[174] Закон за управување со кризи, Службен весник на Република Македонија бр. 29 од 04.05.2005, чл.3

27. **Менаџирање на ризици** – е процес на секојдневно донесување на одлуки во однос на идентификуваната опасност и вклучување на сите практични и разумни мерки да се минимизира влијанието на опасноста[176]

28. **Национална безбедност** – е концепт со ограничена апликативност врз државата, или пак дека односот помеѓу државата и нацијата е многу покомплексен отколку што тоа го сугерира едноставниот модел нација - држава[177]

29. **Офанзивна контраразузнавачка служба** – нејзиното поле на делување се наоѓа на територијата на противникот. Со оперативен продор во структурите на разузнавачките служби на нивните територии, се настојува да се откријат методите и средствата, организациската поставеност, програмата и плановите за дејствување[178].

30. **Одбранбена дипломатија** – збир на разновидни меѓународни активности базирани на дијалог и кооперација, водени билатерално од Министерството за одбрана со сојузниците, партнерите и другите пријателски земји, за промоција на достигнувањата на одбранбената политика во поддршка на надворешната политика на Република Македонија[179].

31. **Парламентарна дипломатија** – произлегува од сличноста со меѓународните конференции и националните парламенти со низа заеднички точки со конференциската дипломатија. Парламентарната дипломатија претставува дел од меѓународните конференции[180].

32. **Превентивна дипломатија** – акција за превенирање на појавување на спорот, на постојните спорови од ескалација во конфликти и ограничување на нивното ширење по избувнувањето. Дијалогот меѓу

---

[175] Зоран Нацев, Тони Петрески, Стратегиски проекции на Република Македонија во надворешната и безбедносната политика, ЕВРОПА 92, Кочани, 2013, стр.81

[176] Преземено од Лидија Георгиева, Менаџирање на ризици, Филозофски Факултет – Скопје, Скопје, 2006, стр.90, а изворно од James A. Gordon: Risk assessment and Management in Local Government Emergency Planning: Institute for Catastrophic Loss Reduction, 2001

[177] Преземено од Лидија Георгиева, Менаџирање на ризици, Филозофски Факултет – Скопје, Скопје, 2006, стр. 74, а изворно од Weaver O. (1994) : Insecuryti and Identity Unlimited, Working Papers, No. 14, Copenhagen

[178] Томе Батковски, Разузнавачка и безбедносно-контраразузнавачка тактика (тактика на работа на разузнавачката служба и службата за безбедност и контраразузнавање), Скопје, 2008, стр.144

[179] Јордан Стојанов, Магазин на Министерството за одбрана на Република Македонија, **ШТИТ** бр.42 од февруари 2013, стр.32

[180] Зоран Нацев, Тони Петрески, Стратегиски проекции на Република Македонија во надворешната и безбедносната политика, ЕВРОПА 92, Кочани, 2013, стр.81

страните меѓу кои постои отворен судир за прашањата што се сметаат за повод или причина за конфликтот, се дел од стратегијата за превентивна дипломатија[181].

33. **Прогноза** – ( од грчки **prognosis – претходно знаење),** предвидување на текот на настаните и појавите, движење на некоја појава или процес[182]
34. **Разузнавачки податок** – оценети и стручно објаснети податоци, од аспект на нивната важност и можност од користење во натамошниот тек на извршувањето на задачите спрема даден (конкретен) предмет на интерес и во насока на реализирање на стратегиските цели на државата[183]
35. **Ризик** – е веројатност дека може да се случи повреда од страна на идентификуваната опасност[184]
36. **Соработка** – еден од најважните принципи во работењето на полицијата, според природата и карактерот на нејзините работи, заради што секоја полиција има причина да соработува со другите полиции од други земји (внатрешна меѓуполициска соработка), така и во светот (меѓудржавна, меѓународна полициска соработка) со полициите на дриги земји и меѓународни полициски организации во нивни рамки[185]
37. **Тајна дипломатија** – преговори во врска со кои во тајност се чуваат било која од следниве компоненти; 1. содржината на преговорите; 2. фактот дека тие се водат; 3. содржината на спогодбата до која довеле успешните преговори; 4. фактот дека има спогодба како резултат на успешните преговори[186].
38. **Шатл дипломатија** – вид на посредничка дипломатија, во која посредниците патуваат, обично помеѓу едната и другата спорна страна,

---

[181] Зоран Нацев, Тони Петрески, Стратегиски проекции на Република Македонија во надворешната и безбедносната политика, ЕВРОПА 92, Кочани, 2013, стр. 84, преземено од говорот на Гали а објавено од Ќосе Ж., Концептот на превенција на конфликти по студената војна: превентивната дипломатија во Естонија и Македонија, Современа Македонска одбрана, бр.10, декември 2004, стр.112

[182] Мило Бошковиќ, Криминолошки лексикон, Универзитет Нови Сад, Нови Сад, 1999

[183] Томе Батковски, Разузнавачка и безбедносно-контраразузнавачка тактика (тактика на работа на разузнавачката служба и службата за безбедност и контраразузнавање), Скопје, 2008, стр.129

[184] Лидија Георгиева, Менаџирање на ризици, Филозофски Факултет – Скопје, Скопје, 2006, стр.90

[185] Слободан Милетиќ, Појмовник полицијског права-значење 650 појмова из области унутрашњих послова, Службени гласник, Београд, 2001, стр. 84

[186] Владимир Ортаковски, Дипломатија, Факултет за безбедност, Скопје, 2010, стр.20

пренесувајќи ги заемните пораки, но и дејствувајќи самостојно со цел да се изнајде компромис[187].

[187] Зоран Нацев, Тони Петрески, Стратегиски проекции на Република Македонија во надворешната и безбедносната политика, ЕВРОПА 92, Кочани, 2013, стр.82

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Алексиќ Ж., Шкулиќ М., Жарковиќ М., **Лексикон криминалистике,** Дигитал Дизајн, Смедеревска Паланка, 2004
2. Ангелески М., **Криминалистика** (општа криминалистичка теорија), НИО Студентски збор, Скопје, 1993
3. Арнаудовски Љ., **Судски менаџмент**, 2 Август С, Штип, Скопје, 2011
4. Бајхалт Т., **Европската унија во проширувањето кон исток,** Фондација Конрад Аденауер, Скопје, 2005
5. Бјелајац М., **Дипломатија и војска – Србија и Југославија 1901-1999,** Медија центар Одбрана, Београд, 2010
6. Бакрески О., **Контрола на безбедносниот сектор**, Скопје, 2008
7. Бакрески О., **Координација на безбедносниот сектор**, Скопје, 2006
8. Бакрески О., **Координација на безбедносната заедница во Република Македонија,** Филозофски Факултет – Скопје, Скопје, 2005
9. Бакрески О., **Основи на безбедносниот менаџмент,** Филозофски фскултет, Скопје, 2011
10. Барстон Р. П., **Модерна дипломатија**, ЗУМПРЕС, Скопје, 1996
11. Батковски Т., **Разузнавачка и безбедносно контраразузнавачка тактика** (тактика на работа на разузнавачката служба и службата за безбедност и контраразузнавање), Скопје, 2008
12. Бошковиќ М., **Криминолошки лексикон**,Универзитет Нови сад, Нови Сад , 1999
13. Васиќ Д., **Превентивна дипломатија** – Теориски концепт, нормативни оквири и политичке контраверзе, Правна библиотека, Службени Гласник, Београд, 2010
14. Велјиќ З., **Дипломатски протокол**-друго изданње, Службени лист СЦГ, Ателье Богдановиќ- Београд, 2005
15. Влада на Република Македонија - **ПРИРАЧНИК за стратешко планирање**, 2007
16. Водинелиќ В., **Криминалистика,** пето, изменето и проширено издание, Савремена Администрација, Београд, 1984,
17. Вујаклија М., **ЛЕКСИКОН страних речи и израза**, Београд, 1980

18. Wood John R., Jean Serres, **Diplomatic Ceremony and Protocol**, Mate Zagreb, Zagreb, 2004
19. Wintz M., **Transatlantic diplomacy and the use of military force in the post – cold war era**, Palgrave Macmillan, 2010
20. Габер В., **Дипломатија и политика**, University American College – Скопје, 2013
21. Георгиева Л., **Менаџирање на ризици**, Скопје,2006
22. Георгиева Л., **Творење на Мирот**, Виладорф, Скопје, 2004
23. Гоцевски Т., Оливер Бакревски, Стојан Славевски, **Европската унија низ призмата на европската безбедност,** Скопје,2007
24. Гоцевски Т., **Основи на системот на национална одбрана**, трето дополнето и изменето издание, Македонска ризница – Куманово, ЕВРОПА - 92 – Кочани, 2002
25. Гризолд А., **Словенија во изменета безбедносна средина**, Скопје, 2006
26. Димишковски С., **Основи на националната одбрана на Република Македонија – воено политички аспекти**, НИП "Глобус", Скопје, 1996
27. Дојчиновски М., Оџаков Ф., **Разузнавачки операции и асиметрични закани**, Соларис принт, Скопје, 2010
28. Дујовски Н**., Шенген и потоа**, УНИ-КОНЗУМ, Кочани, 2009
29. Ѓорѓевиќ О., **Лексикон безбедности**, Београд, 1986
30. Еберт Ф., -фондација, **Превенција на конфликти - од идеја кон култура за превенција на конфликти во Македонија,** Скопје, 2004
31. Здравковиќ М., **Војнообавештајне агенције – Функције војне дипломатије,** Војно обавештајна агенција, Републике Србије
32. Зечевиќ З., **Војна дипломатија**, Војноиздавачки и новински центар, Београд, 1990
33. Институт за демократија и Конрад Аденауер фондација, **Политичка мисла-Надворешна политика и аспекти на меѓународната дипломатија,** Година 11, бр.43, септември, Скопје,2013
34. Јан Т., **Како се пишува научен текст со примена на Акрибија**, Скопје, 2004
35. Јањатов Д., **Основи на дипломатската служба**, ДИЈАЛОГ, Скопје, 2013

36. Карагаќа М., **Одбрамбена дипломатија**, Антологија текстова са Школа реформе сектора безбедности, ISAC Fond International and Security Affairs Centre Centar za medunarodne i bezbednosne poslove, Beograd, 2007
37. Карагаќа М., **Дипломатија и војна дипломатија**, Зборник предавања са IX Школа реформе сектора безбедности, ISAC Fond International and Security Affairs Centre Centar za medunarodne i bezbednosne poslove, Beograd, 2007
38. Кисинџер Х., **Дипломатија,** Клуб Плус, Београд, 2011
39. Килибарда З., Милан Мијалковски, **Политика и тероризам**, Академија за дипломатију и безбедност ИП "Научна Књига", Београд, 2006
40. Клајн Арон Џ., **Враќање на ударот - Минхен 1972 масакрот на олимписките игри и смртоносниот одговор на Израел**, Скопје, 2006
41. Ковачевиќ Ж., **Меѓународно преговарање**, Албатрос Плус, Београд, 2010
42. Колин М.., **Проучување податоци и предвидувачка анализа – собирање разузнавачки податоци и криминалистичка анализа,** Табернакул, Скопје, 2009
43. Котовчевски М., **Национална безбедност**, Филозофски Факултет – Скопје, 2011
44. Котовчевски М., **Современи разузнавачки системи,** Скопје, 2002
45. Левков М., **Израелска тајна служба**, Београд, 2001
46. Магазин на Министерството за одбрана на Република Македонија, **ШТИТ** бр.42 од февруари 2013
47. Магазин на Министерството за одбрана на Република Македонија, **ШТИТ** бр.43 од март 2013
48. Магазин на Министерството за одбрана на Република Македонија, **ШТИТ** бр.44 од април 2013
49. Магазин на Министерството за одбрана на Република Македонија, **ШТИТ** бр.45 од мај 2013
50. Мајкл Х., **Моќта на разузнавањето во мир и војна**, Академски печат, Скопје, 2009
51. Малиш С. М., и Дујовски Н., **Безбедносен менаџмент**, Скопје,2009
52. Малиш С. М., **Прирачник за разузнавачки Циклус**, Скопје, 2005

53. Марковски Д., **Дипломатија организација и практика**, Кинематика, Скопје, 2002
54. Марковска М. Е., **Унапредување на односите меѓу ЕУ и Западен Балкан – Национални истражувања за Република Македонија**, Евро Балкан Пресс, Скопје, 2005
55. Милошев Ѓ., Бранислав Груиќ, Миле Ќорвезировски, Борис Благоевски, Александар Џукески, **Српскохрватско-Македонски речник,** Македонска книга, Просветно дело, Скопје, 1989
56. Милошевиќ М., **Систем државне безбедности**, Полициска академија-Београд, Београд, 2001
57. Милевски Т., **Македонија: рубикова коцка на балканот**, Филозофски факултет – Скопје, Скопје, 2005
58. Милетиќ С., **Појмовник полицијског права**-значење 650 појмова из обласи унутрашњих послова, Службени гласник, Београд, 2001
59. Министерство за одбрана на РМ, **Република Македонија помеѓу самитот во Рига и членството во НАТО,** Скопје, 2007
60. Министерство за одбрана на РМ-филозофски факултет, **Глобализацијата, мирот и безбедноста**, Скопје, 2008
61. Митревска М., **Кризен менаџмент**, Скопје, 2005
62. Митревска М., **Превентивна дипломатија и мировни операции,** Филозофски факултет, Скопје, 2010
63. Митревска Ј., **Вовед во дипломатија, дипломатски протокол и кореспонденција,** Меѓународен славјански институт – г. Москва Дописно – вонредно студирање на Балканот – г. Свети Николе Република Македонија, ГРАФО ПРОМ – Битола, Битола, мај 2006
64. Мојаноски Ц., **Методологија на научно истражувачката работа**, “2-ри Август С” Штип, Скопје, 1998
65. Мојаноски Ц., **Методологија на безбедносните науки - основи- книга прва,** Факултет за безбедност – Скопје, Скопје, 2012
66. Мирчев Д., **Ферментација на демократијата и на нацијата**- сите македонски политички пролети 1943-1993, Силсонс, Скопје, 2013
67. Миќуновиќ Љ., **Современ лексикон на странски зборови и изрази**, Наша Книга, Скопје, 1990
68. Nick S., **Diplomacija – metode i tehnike**, B.A.R.B.A.T, Zagreb, 1997

69. Нацев З., и Петрески Т., **СТРАТЕГИСКИ ПРОЕКЦИИ на Република Македонија во надворешната и безбедносната политика**, ЕВРОПА 92 – Кочани 2013
70. Нишиќ С., **Глобална сила и безбедност балкана**, Војноиздавачки завод, Београд, 2002
71. Огорец М., **Војно – дипломатска пракса**, Голден маркетинг – техничка книга, Загреб, 2005
72. Ортаковски В.**, Дипломатија**, Факултет за безбедност, Скопје, 2010
73. Оџаков Ф., **Тероризам и организиран криминал,** Соларис принт, Скопје 2013
74. Оџаков Ф., **Улогата на разузнавачките служби во борбата против тероризмот и организираниот криминал,** Соларис принт, Скопје 2010
75. Pendarovski S., **Macedonian foreingn polisu 1991 – 2011**, aspects of internal and international legitimacy, University American College – Skopje, Magor, 2012
76. Пивоваров В., **Дипломатско конзуларни претставништва-**авторизирани предавања, Европски универзитет – Скопје, Скопје, 2006
77. Полициска академија – Скопје, **Годишник на полициската академија**, Скопје, 2005/06
78. Полициска академија – Скопје, **Годишник на полициската академија**, Скопје, 2007
79. Полициска академија – Скопје, **Годишник на полициската академија**, Скопје, 2007/08
80. Ричелсон Џефри Т., **Разузнавачката заедница на САД**, Магор, Скопје, 2009
81. Ружин Н., **НАТО пред новите предизвици и перспективите на Република Македонија,** (Фридрих Еберт)Скопје, 2005
82. Саити Р. С., **Превентивна дипломатија и учеството на граѓанскиот сектор во кризниот менаџмент**, Докторска дисертација, Факултет за безбедност – Скопје, Скопје, 2014
83. Симонческа Л., **Основи на менаџмент**, Охрид, 2007
84. Симонческа Л., **Процесот на менаџмент**, Охрид, 2007
85. Сокалски Х. Ј., **Грам превенција - Македонија и искуството на Обединетите Нации во превентивната дипломатија**, Скопје, 2005

86. Спасевски Ј., Николовски М. и Герасимоски С.,, **Безбедносни системи** (прилог кон учењето за националните безбедносни системи), Факултет за безбедност Скопе, Скопје, 2010
87. Стаменковски А., **Основи на разузнавањето**, Скопје, 1999
88. Таталовиќ С, Гризолд А. и Цвртила В., **Савремене сигурносне политике-Државе и национална сигурност почетком 21. столеќа,** Голден маркетинг – техничка књига, Загреб, 2008
89. Терзиќ М., **Моќ и утицај војне дипломатије (мисије Владимира Велебита 1943 – 1945)**, Медија центар Одбрана, Београд, 2012
90. Факултет за безбедност – Скопје, **Годишник на факултетот за безбедност**, Скопје, 2009
91. Факултет за безбедност – Скопје, **Годишник на факултетот за безбедност**, Скопје, 2010
92. Факултет за безбедност (Полициска академија) – Скопје, **Со наука и вештини против криминалот- (алманах),** Скопје, 2008
93. Факултет за безбедност – Скопје, **Меѓународен годишник на факултетот за безбедност,** “Ван Гог” - Скопје, Скопје, 2012
94. Freeman, Jr. C. W., **The Diplomats Dictionary**, United States Institute of Peace Press, Washington, D. C., 2005
95. Центар за образование на кадри од областа на безбедноста – Факултет за безбедност, **Годишник на факултетот за безбедност**, Скопје, 1996/97
96. Центар за развој на безбедност и право (DCAF), Швајцарија, **Служби за разузнавање**
97. Цуклески Г., **Прирачник за соработничка мрежа**, Скопје, 2005
98. Шушиќ С. Б., **Геополитички кошмар балкана**, Војноиздавачки завод, Београд, 2004

## КОРИСТЕНИ ДОКУМЕНТИ


1. **Виенска конвенција за дипломатски односи**, составена во Виена 19.04.1961
2. **Виенска конвенција за конзуларни односи**, составена во Виена 24.04.1963
3. **Виенска конвенција за договорно право,** усвоена на 23.05.1969 во Виена
4. **Национална концепција за безбедност и одбрана**, Собрание на Република Македонија, бр. 07-2824/1 од 11 јуни 2003, Скопје
5. **Национална платформа на Република Македонија за намалување на ризици од катастрофи** (трето ревидирано издание), Центар за управување со кризи, мај, 2011
6. **Стратегија за одбрана на Република Македонија**, Службен весник на Република Македонија бр.45 од 11 септември 1998, Скопје
7. **Стратегија за одбранбена дипломатија,** Министерство за одбрана на Република Македонија, донесена, декември 2012
8. **Стратешки план 2013 – 2015, Република Македонија,** Министерство за надворешни работи, Скопје, јануари, 2013
9. **Стратешки план 2014 – 2016, Република Македонија,** Министерство за надворешни работи, Скопје, јануари, 2013
10. **Годишна национална програма за членство на Република Македонија во НАТО 2003 – 2004,** Министерство за одбрана

## ЗАКОНСКИ И ДРИГИ ПРОПИСИ

1. Устав на Република Македонија, Службен весник на Република Македонија бр.52/1991
2. Уставен закон за спроведување на Уставот на Република Македонија, Службен весник на Република Македонија бр.52/1991
3. Закон за агенција за разузнавање, Службен весник на Република Македонија бр. 19 од 06.04.1995
4. Закон за управување со кризи, Службен весник на Република Македонија бр. 29 од 04.05.2005
5. Закон за натрешни работи, Службен весник на Република Македонија бр.51/2005, 84/2008 и 92/2009
6. Закон за полиција, Службен весник на Република Македонија бр.114/2006
7. Закон за одбрана, (пречистен текст) Службен весник на Република Македонија бр.185 од 30.12.2011
8. Закон за надворешни работи (неофицијален пречистен текст), Службен весник на Република Македонија бр. 46/2006, 107/2008 и 26/2013
9. Законот за заштита и спасување "Службен весник на Република Македонија" бр. 36/04, 49/04 и 86/08),
10. Закон за управување со кризи, Службен весник на Република Македонија бр. 29/2005 и 36/2011

## КОНТАКТИРАНИ ИНТЕРНЕТ СТРАНИ

1. **http://www.mfa.gov.mk**
2. http://www.mvr.gov.mk/
3. http://www.morm.gov.mk/
4. http://www.cuk.gov.mk/
5. http://www.ia.gov.mk/
6. **http://www.cuk.gov.mk/**
7. **http://www.dcaf.ch**
8. www.voa.mod.gov.rs/sr/publikacije/funkcije-vojne-diplomatije